**Република Македонија**
Агенција за храна и ветеринарство

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ЗА ПЕРИОД ОД 2019-2021 ГОДИНА

Скопје, јануари 2019

*Почитувани,*



*Агенцијата за храна и ветеринарство го прифаќа и континуирано го спроведува стратешкото планирање како алатка на современиот стратешки менаџмент. Ваквиот ефикасен и современ начин на управување ни помага да дефинираме стратегии за остварувањена приоритетите и целите и да ја подобриме ефективноста и ефикасноста во споведување на политиките, евалуацијата и транспарентноста во трошењето на ограничените буџетски средства.*

*Задачите на институцијта во наредниот период ќе бидат насочени кон извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарни активности во областа на здравствената заштита на животните, заштитата и благосостојбата на домашните животните и на домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели, работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло, идентификација и регистрација на фармските и други животни, од областа на ветеринарно-медицинските препарати и контролата на квалитетот на храната, со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло*

*Стратешкиот план пред Вас е развоен акт креиран со учество на сите организациони единици и вработени во АХВ кои со своите професионални знаења и искуства даваат инпут во идентификување на стратегиите, мерките и активностите содржани во стратешките програми. Приоритетите и целите утврдени од страна на АХВ се конзистентни со стратешките приоритети на Владата на Република Македонија.*

*Програмите се реално остварливи со јасно лоцирана одговорност за спроведување на активностите, со однапред утврдена временска рамка и потребните човечки и финансиски ресурси за нивно извршување*

*Високо ценејќи ги принципите на транспарентност и партиципативност како и принципот на отчетност како дел од менаџерскиот тим на АХВ го поддржувам спроведувањето на Стратешкиот план во неговиот континуитет и ги повикувам сите вработени максимално да се посветат на реализација на предвидените активности.*

*Успешноста на Стратешкиот план покрај предусловите за алоцирање на финансиски и човечки ресурси по приоритети и цели, е условена и од професионалноста и посветеноста на вработените, како и од соработката меѓу институциите и другите заинтересирани субјекти.*

*ДИРЕКТОР,*

*Зоран Атанасов*

Contents

ПОИМНИК .... 4
1.1 Вовед.... 5
1.2 Анализа на состојбата.... 5
1.3 Мисија .... 28
1.4 Визија .... 28
1.5 Задачи и обврски на Агенцијата за храна и ветеринарство .... 28
1.6 Специфичност на органот на државната управа.... 29
1.7 Структура на Агенцијата за храна и ветеринарство .... 29
1.8 Односи со органите во состав.... 32
1.9 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ: .... 33
1.10 Осврт на постигнати резултати за 2017 година.... 35
1.11 Осврт на постигнатите резултати заклучно со јуни 2018 година и активности кои треба да се реализираат до крајот на 2018 година по програми .... 61
Програми за тековната година 2019, 2020 и 2021 година: .... 99
2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ .... 114

## ПОИМНИК

Одделни изрази користени во Стратешкиот план на Агенцијата за храна и ветеринарство го имаат следното значење:

АХВ - Агенција за храна и ветеринарство
НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската унија
RASFF - Систем за брзо предупредување за храна и храна за животни
ЕУ - Европска унија
IPA - Инструмент за претпристапна помош
МЗШВ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
EFSA – Европска агенција за безбедност на храна
СЗО - Светска здравствена организација
DG Health and Food Safety - Health and Food Audits and Analysis (FVO) – Генерален Директорат за Здравство и Безбедност на храна – Аудити и Анализи во Здравството и Безбедност на храна (Канцеларија за храна и ветеринарство)
ЦУК - Центар за управување со кризи
ИЈЗ - Институт за јавно здравје
ДЗС - Дирекција за заштита и спасување
КАК- Комисија на Кодекс Алиментариус
ON FAO- Организација за храна и земјоделство на Обединетите Нации
ДЕУ-Делегација на Европска унија
ДИЗ-Државна инспекција за земјоделство
ФУ-Фитосанитарна управа
СЕП-Секретаријат за европски прашања
ЦФСД- Сектор за централно финансирање и склучување договори

### *1.1 Вовед*

Стратешкиот план претставува основен развоен акт на Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст АХВ) во кој се содржани програмите и активностите преку кои се планира остварување на стратешките приоритети и цели, а во функција на визијата и мисијата на институцијата во наредниот тригодишен период. Стратешкиот план за периодот 2019-2021 е изработен врз основа на анализа на состојбите во областа на безбедноста на храната, здравствената заштита и благосостојба на животните и ветеринарното јавно здравство како и на постигнатите резултати во текот на 2017 година, постигнатите резултати во 2018 година и стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија и АХВ.

Стратешкиот план е тесно поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години и претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на програмите.

### *1.2 Анализа на состојбата*

Имајќи ја предвид Програмата на Владата на Република Македонија, барањата и очекувањата на граѓаните, потребите на потрошувачите, потребите на операторите со храна, индивидуалните земјоделски производители и други заинтересирани страни и крајни корисници, АХВ има за цел да обезбеди креирање на соодветни политики во областа на безбедноста на храна, ветеринарното јавно здравство и здравствената заштита и благостојба на животните, легислативно регулаторно уредување како и ефикасно спроведување на соодветните закони, правилници и други акти и да потврди дека како надлежен орган ги спроведува и ги одржува системите за официјални контроли во надлежност на АХВ, обезбедува активности за надзор и мониторинг во производство, преработка и дистрибуција на храна и храна за животни, како и здравствената заштита и благосостојба на животните.
Со цел понатамошните активности да се насочат кон создавање на поадекватен пристап кон засегнатите страни, направена е анализа со користење на соодветна методологија, директни контакти, информативни разговори, прибирање податоци од теренот и користење на релевантни препораки од други институции.
Одговорноста за организирање и работа на Агенција за храна и ветеринарство како независен орган на државна управа, е утврдено со Закон за безбедност на храната, а начинот на нејзино функционирање со Законот за општа управна постапка и Законот за

инспекциски надзор, а со посебните закони од областа на безбедноста на храна, ветеринарното здравство и ветеринарното јавно здравство се уредни поедините области на надлежност.

### 1.2.1 Историски развој

Во насока на обезбедување на интегриран и сеопфатен приод во безбедноста на храната во втората половина на 2010 година усвоен е новиот организациски модел за безбедност на храната во Република Македонија со основање на Агенцијата за храна и ветеринарство како  независна институција во рамките на државната управа на Република Македонија. Во неа беа инкорпорирани Управата за ветеринарство - орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Дирекцијата за храна - орган во состав на Министерството за здравство.
Агенцијата за храна и ветеринарство започна со работа на 1 јануари 2011 година, како независен орган на државна управа  во улога на правен субјект.
Агенцијата врши активности во рамките на безбедност на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и мониторинг на ветеринарните активности од областа на здравствената заштита и благосостојба на животните, ветеринарното јавно здравство како и контрола на националните референтни лаборатории и овластени лаборатории за потребите на Агенцијата.

### 1.2.2 Анализа на правна рамка

Во моментов, системот за безбедност на храна и храна за животни, вклучително и надзорот и официјалните контроли, се регулирани со девет закони и подзаконските акти кои произлегуваат од истите:

1. Закон за безбедност на храната ("Службен весник на Република Македонија" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/15, 84/15, 123/15 (пречистен текст), 129/15, 213/2015 39/2016 и 64/2018);
2. Закон за ветеринарно здравство ("Службен весник на РМ" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/2012, 123/2015 (пречистен текст), 154/2015 и 53/2016)
3. Закон за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија” бр 149/2014, 149/15 и 53/2016);
4. Закон за нус-производи од животинско потекло (“Службен весник на Република Македонија” 113/07, 144/14, 149/15 и 53/2016)
5. Закон за идентификација и регистрација на животните (“Службен весник на Република Македонија” 95/2012 , 27/2014, 149/15 и 53/2016 )
6. Закон за ветеринарно медицински препарати (“Службен весник на Република Македонија” 42/2010, 136/2011, 149/15 и 53/2016);
7. Закон за безбедност на храна за животни ("Службен Весник на Република Македонија" 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 149/2015 и 53/2016))

8. Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ број 146/2009, 53/11, 149/15, 39/16, 132/2016)
9. Закон за инспекциски надзор ("Службен Весник на Република Македонија" 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013 и 41/2014, 33/15, 193/15 и 53/16) (обврзувачки за сите инспекциски служби)

Основниот правен акт е Законот за безбедност на храната, со кој се регулира контролата на безбедноста на храна во сите фази (производство, преработка, складирање, транспорт, дистрибуција, малопродажба и употреба). Со законот се регулираат општите и специфичните услови и обврски за операторите за храна, нивната регистрација и одобрение, условите за увоз и извоз на храна од животинско и неживотинско потекло, официјалните контроли и нивното финансирање заедно со мониторингот на резидуи и недозволени супстанции.

Основниот закон во ветеринарната област е Законот за ветеринарно здравство со кој се утврдуваат организацијата и надлежностите на ветеринарните служби и начелата и процедурите за спроведување на активностите во однос на заштитата на животните како и на луѓето од болести кои се пренесуваат преку животни и производи од животинско потекло, ветеринарна инспекции и контрола, надоместоци и трошоци за здравствена заштита на животните, организација и спроведување на активности од областа на ветеринарната медицина како и други прашања од областа на ветеринарнарното здравство. Со овој закон исто така се дефинирани надлежностите на ветеринарните служби во Република Македонија.

Хармонизацијата на националното со законодавството на ЕУ се врши согласно националната програма за усвојување на правото на ЕУ (NPAA) усвоена на годишно ниво од страна на Владата на Република Македонија, за активности од Поглавјето 12, Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.
Дел од законодавството на ЕУ кое е од интерес за АХВ е уредено и во поедини други Поглавја.

### 1.2.3 Анализа на состојбите во областа на делување и на услугите кои се извршуваат

Согласно своите надлежности АХВ делува во две основни области: здравствена заштита и благосостојба на животните и безбедноста на храната.
АХВ функционира на целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје, и внатрешните организациони единици/34 (28 функционални) подрачни единици и 11 (9 функционални) инспекциски места на граничен премин.
Согласно надлежностите утврдени со закон, работата на АХВ влијае на работењето на голем број на заинтересирани страни.
Анализата на состојбите во областа на делување и на услугите кои се извршуваат се дадени во резимето на swot и pestel анализата.

Во рамките на своите законски надлежности АХВ спроведува поголем број на активности групирани во неколу области (активностите се детално елаборирани во Годишниот План и програмите на Стратешкиот План):

- регистрација на сите одгледувалишта на животни од видот говеда, овци и кози, свињи и живина во државата и обележување на животните од видот говеда, овци и кози, свињи.
- здравствена заштита и благосостојба на животните со програми за сузбивање и искоренување на болести кои имаат големо влијание на јавното здравство како и комерцијално влијание, како бруцелоза и туберкулоза кај говеда, бруцелозата кај малите преживари, класична чума кај свињите, беснилото како и мониторинг програми со кои се докажува отсуството на причинителите на овие болести заради трговија со животни и производи од животинско потекло како салмонелоза кај живина, трихинелоза, авијарна инфлуенца, спогиоформните енцефалопатии, ВХС и ИХН кај пастрмките, КХВ кај крапот.
- заштита и благососостојба на животните
- безбедност на храна и храна за животни
- управување со нуспроизводи од животинско потекло
- спроведување на официјални контроли со цел утврдување на спроведување на наведените законски прописи и барања како и преземање на соодветни корективни и превентивни мерки.

Од аспект на воведување на новата методолгија на изработка и имплементација на стратешките планови на надлежните органи на управа наведенито дел дополнително би се доработил по спроведување на деталната анализа на **состојбите во областа на делување и на услугите кои се извршуваат.**

### 1.2.4 Расположива инфраструктура

Материјалните ресурси кои Агеницијата ги има на располагање во рамките на своите внатрешни организациони единици: опремени канцелариски простории, телефонски линии, IT опрема со интернет врска, софтверски системи, IT информациски систем на АХВ; моторни возила, опрема за работа на инспекциските служби, се на средно задоволително ниво.

### 1.2.5 Финансиски ресурси

Средствата за финансирање на работата на Агенцијата се обезбедуваат од:
- Буџетот на Република Македонија,
- сопствени приходи,
-Буџетот на Европската унија во согласност со критериумите пропишани во билатералните договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија и

- донации и други извори утврдени со закон.

Активностите кои се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните и ветеринарното јавно здравство и безбедноста на храната се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија

Со средствата од Буџетот на Република Македонија се финансираат активностите од:
-Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните,
-Програмата за користење на средства за ветеринарно јавно здравство,
-Програми за мониторинг на безбедност на храна (општи и посебни),
-Повекегодишните програми за контрола и сузбивање на болестите кај животните утврдени со закон.
-Трошоци утврдени со плановите за итни мерки согласно закон.
-Трошоците за развој и работа на ветеринарниот информационен систем
-Трошоци за изработка на епидемиолошки студии, студии за проценка на ризици, трошоци и континуирана едукација во службата по прашања од јавен интерес, во соработка со соодветните образовни и научно-истражувачки институции

### 1.2.6 Човечки ресурси

АХВ има за цел да обезбеди оптимални услови за соодветен број и компетентност на персоналот кој ќе одговори на задачите кои треба да се спроведат, согласно законските надлежности и утврдените приоритети од страна на АХВ.
Во моментов АХВ брои вкупно 350 вработени. Вработените своите работни задачи ги извршуваат во седиштето на АХВ во Скопје, во 34 Подрачни единици во Република Македонија и на 11 инспекциски места на граничните премини.
Управувањето со вработените во АХВ е стратешки организирано со следнава цел: секој вработен индивидуално како и сите заедно се стремат кон постигнување на поставените цели, постојано зголемувајќи ја работната ефикасност и извршувањето на работните задачи на највисоко ниво, постојано зголемувајќи ја работната ефикасност и извршувањето на работните задачи на највисоко ниво.
АХВ врз основа на потребата од подобрување на функционирањето во областите на делување и услугите кои се извршуваат става посебен акцент на следното: достигнување на посакуваната ефикасност во управување и раководење, стратешко планирање и делување, поставување на соодветен организациски модел, стекнување на доверба и почит кај операторите со храна, потрошувачите, фирмите кои се занимаваат со увоз и извоз на храна, храна за животни, со цел да се овозможи наше полесно прилагодување на промените во опкружувањето и пошироко и зајакнување на техничката и технолошката опременост во областа на нашето делување.

## 1.2.7 Соработка со други институции

Агенцијата за храна и ветеринарство е самостоен орган на државната управа кој е директно одговорен пред Владата на Република Македонија.
АХВ соработува со национални и интернационални институиции и органи:
Органи и институции со кои соработува АХВ на национално ниво се:
Органи во состав на ВРМ: Генерален Секретаријат; Секретаријат за законодавство и Секретаријат за европски прашања
Министерство за здравство
Државен Здравствен и Санитарен Инспекторат
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Државен Инспекторат за земјоделство
Фитосанитарна Управа
Министерство за економија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за надворешни работи
Факултет за ветеринарна медицина Скопје;
Институт за јавно здравје во Скопје и Центрите за јавно здравје во други градови во државата
Државна фитосанитарна лабораторија
Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој
Министерство за финансии
Министерство за Финансии – Сектор за централно финансирање и склучување договори
Царинската управа при Министерство за финансии
Невладиниот сектор /граѓански здруженија
Стопански Комори/Здруженија на оператори/Федерација на Фармери/Здруженија на комерцијални одгледувачи на животни
Приватни ветеринарни друштва овластени за споведување на активности од јавен интерес од областа на ветеринарното здравство
Ветеринарна Комора на Република Македонија
Центар за управување со кризи
Дирекција за заштита и спасување

АХВ соработува со меѓународни структури и организации, како што е:
- Европска Комисија EU Commission
- Директорат за здравје и безбедност на храната (DG SANTE)
- Канцеларија за аудит и анализи од областа на здравјето и безбедноста на храната/Health and Food Audits and Analysis (претходно позната како FVO)/
- Директорат за земјоделство /( DG AGRI)
- Светската организација за здравствена заштита на животните (OIE).
- Европската агенција за безбедност на храна (EFSA),

- Организацијата за храна и земјоделство на Обединети Нации FAO
- Codex Alimentarius
- WTO Светска Трговска Организација
- Информативно тело за SPS мерки во рамките на Светска трговска организација
- CEFTA
- WHO Светска Здравствена Организација
- Надлежни органи за ветеринарно здравство и безбедност на храна од трети земји

АХВ е точка за контакт и воспоставува соодветна организациона структура за RASFF (Систем за брзо известување за храна и храна за животни). АХВ ги координира субјектите вклучени во системот за брзо известување, разменува информации во рамките на Република Македонија и исто така врши размена на информации со еквивалентни системи од други земји. Во рамките на АХВ, контакт точка се: Секторот за комуникација и проценка на ризик - Одделението за комуникација на ризик и систем за брзо известување, RASFF.

### 1.2.8 Анализа на политичката, економската, социјалната, технолошката, еколошката и правната средина (PESTEL)

Во табелата се презентирани главните фактори кои влијаат врз работењето на АХВ, а кои доаѓаат од политичката, економската, социјалната, технолошката, еколошката и правната средина.

Од аспект на **политичката средина** главно влијание врз работењето на АХВ имаат Владините приоритети и програми и обврските кои произлегуваат од евроинтегративните процеси. Активностите кои АХВ ги презема може да се групираат во поголеми области како: здравствена заштитата, благосостојбата на животните, контрола и сузбивање/искоренување на болести, безбедноста на храната, ветеринарното јавно здравство и зоонозите.Во одредени случаи како непланирано оптеретување кое може да повлече хумани ресурси се и заклучоци кои произлегуваат од Влада во однос на одредени активности кои треба да се спроведат за одреден временски период за потребите на Владата на Република Македонија или некоја друга институција (особено непланираните). Особено до израз би дошле приоритетите кои произлегуваат од евроинтегративните процеси и позиција на започнување на преговори со Европската Унија од која аспект се наметува дека во наредниот период примарен политички фактор ќе бидат евроинтегративните процеси.

Во однос на **економската средина**, главни фактори се генералната економска ситуација во Македонија која преку намалена или зголемена економска активност влијае негативно или позитивно врз Буџетот на Република Македонија и потрошувачката моќ на граѓаните што пак директно влијае негативно или позитивно врз финансиската позиција на АХВ. Основен економски фактор се финансиски средства во Буџетот на РМ односно обезбедување на финансиски средства за спроведување на планирани активности за

здравствена заштита заштита и благосостојба на животните, унапредување на информативен систем за здравствена заштита и благосотојба на животните и обезбедување на финансиски средства за сузбивање и искоренување на болести кај животните (особено опасни заразни болести). Не помаку значаен фактор, кој може да има позитивно или негитивно влијание е и обезбедување на буџетски средства за зајакнување на кадровските капацитети (унапредувања и нови вработувања) како и обезбедување на средстава за континуирана едукација на вработените и едукација на пошироката јавност.
Треба да се земат предвид и состојба и трендови во домашната и меѓународната економија како фактори кои директно и индиректно влијаат на операторите со храна (намалување или зголемување на ДДВ на одредени производи, Укинување на царински давачки за одредени производи).
Примарни фактори од економската сфера се економско-оперативниот трошок кој ќе биде наметнат од страна на задолжителна примена на комплетното ЕУ законодавство, како и зголемената можност за пласман на храна и други производи од Република Македонија на пазарот на земјите членки.
Исто така значајни фактори во рамки на **социјалната средина** кои имаат влијание врз работењето на АХВ се нивото на образование на граѓаните на Република Македонија, нивото на едукација на операторите со храна и зголемената свесност на граѓаните за безбедноста на храната но и заштитата и благостојбата на животните и заштита на животната средина. Основен фактор во оваа област е свеста на потрошувачите за безбедност на храната како и зголемена активност на Невладините организации (НВО). Втор битен фактор е прифатливост на барањата за стандарди од фармерите, малите производители и операторите со храна (од економско социјален аспект) но и потрошувачата моќ на население и куповна моќ на граѓаните, промена на потрошувачка кошница и нови трендови на исхрана кај населението. Не секогаш препознаен фактор е и ниво на образование и едукација во врска со социо-економските услови во земјата и регионот, менталитет, традиција, животен стил и навики на населението, демографски промени во населението (културни навики, обичаи и возрасни категории на населението) (свеста на потрошувачот и ниво на неговата едуцираност).
Во наредниот период битни се и елементите на подигнување на јавната свест во однос на здравствена заштита и благосостојба на животните, медиумско информирање (зголемено внимание на медиуми за областите на безбедност на храна и благосостојба на животните) со особен акцент на одредени позитивни и негативни ставови на јавноста кон одредени теми од областа на безбедност на храна и здравствена заштита на животните. Многу битни фактори се и зголемена свест на сопствениците и држателите на животни како и стручните лица за одредени области на безбедност на храна и здравствена заштита и благосостојба на животните, вклучително и свеста на вработените за важноста и значењето на постоењето на АХВ.
Одредено влијание може да имаат и создавање на нови навики за конзумирање на нови производи како и етички/религиозни фактори.
Развојот на нова **технологија**, технолошки процеси, иновации влијаае врз извршување на официјални контроли кај операторите со храна и бара континуирано подобрување и

надградување на материјални и човечки ресурси. Оваа група на фактори добива се повеќе на значење како од аспект на новини во технологијата и технолошките процеси и нови технолошки трендови во однесувањето на операторите со храна, потрошувачите и другите субјекти и поврзано со тоа потреба за надградба на постоечките и набавка на нови технолошки, технички и материјални ресурси на АХВ и надградба на постојното знаење на Агенцијата за потребни технолошки процеси, опрема и знаење за ракување на опремата за АХВ. Доста значајно е и надградба и унапредување на ИТ системите на АХВ и правилно искористување на можноста на ИТ во однос на добивање информации за безбедноста на храната, новите технологии и процеси, иновираната технологија и нови видови храна.

Во одреден број на случаи треба да се земат во предвид и постењето на стара технологија и стари навики. Не помалку значајно е и одредување на соодветен степен на имплементација на одредени ЕУ или национални мерки (Имплементација на решенија според моменталните социо-економски услови во земјата)

Во рамки на **еколошката средина и правната средина** како главни фактори кои влијаат врз работењето на АХВ се новите законски барања од областа на заштита на животната средина и другите области на уредување за кои е надлежна АХВ кои произлегуваат од евроинтеграцините процеси но и националните потреби, идентични на примарните фактори од економската сфера.

Како главни фактори кои може да имаат влијание на Агенцијата се појава на еколошки жаришта и еколошките стандарди кои АХВ треба да ги исполни, а произлегуваат од ЕУ легислативата, особено еколошки стандарди кои треба да се запазат при спроведување на мерки на здравствена заштитата, благосостојбата на животните, контрола и сузбивање/искоренување на болести. Понатаму се јавуваат и еколошки стандарди кои треба да се запазат при спроведување на мерки од областа на нуспроизводите од животинско потекло како и законски барања за заштита на животната средина (органски материи, медицински отпад, комунален отпад, еколошки стандарди), а во одредени случаи и степен на имплементација на Закон за управување со отпад (постапување со медицински отпад).

Влијание на работата на Агенцијата може да имаат и други фактори како климатски промени и елементарни непогоди.

Во одредени случаи битни се и воведување на соодветни услови при работа од областа на животната средина и другите области за уредување еколошката средина кои треба да ги исполни АХВ.

Од правната средина се јавуваат повеќе фактори кои ја обликуваат надворешната и внатрашната рамка на делување на АХВ како: генералните законски и подзаконски акти и системските законски и подзаконски акти од областа на безбедност на храна и ветеринарно здравство, а во одредени случаи и дополнителна документација и записи (ISO стандарди, упатства, процедури). Големо влијание има и релевантното ЕУ законодавство, Меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) и активности на меѓународно ниво, Меморандуми за соработка и поврзно со нив Хармонизација на националното со законодавството на Европската Унија, имплементација на

Институционалното, Државното и Меѓународното законодавство и обврските кои произлегуваат од нив, Меморандуми за соработка и меѓуинституционални договори и обврските кои произлегуваат од нив како и потреба за имплементација на транспонираното законодавство, законски и подзаконски акти, стратегии кои се однесуваат заштита на потрошувачите во областа на храната и потребата  за доследно спроведување на законските обврски кои произлегуваат од финансиските текови.

*Табела:PESTEL Анализа*

| ПОЛИТИЧКА СРЕДИНА | ЕКОНОМСКА СРЕДИНА | ЕКОЛОШКА СРЕДИНА |
|---|---|---|
| Владини приоритети во областа на здравствена заштитата, благосостојбата на животните, контрола и сузбивање/искоренување на болести | Финансиски средства во Буџетот на РМ | Појава на еколошки жаришта |
| Владини приоритети во областа на безбедноста на храната, ветеринарното јавно здравство и зоонозите | Обезбедување на финансиски средства за спроведување на планирани активности за здравствена заштита и благосостојба на животните, унапредување на информативен систем за здравствена заштита и благосотојба на животните, | Еколошки стандарди кои АХВ треба да ги исполни а произлегуваат од ЕУ легислативата |
| Стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, во делот на остварување на стратешките приоритети и цели на АХВ планирани со Стратешкиот план и во делот на Генералната Политика на ВРМ и нејзините општи и посебни програми | Обезбедување на финансиски средства за сузбивање и искоренување на болести кај животните (особено опасни заразни болести) | -Еколошки стандарди кои треба да се запазат при спроведување на мерки на здравствена заштитата, благосостојбата на животните, контрола и сузбивање/искоренување на болести |
| Заклучоци кои произлегуваат од Влада во однос на одредени активности кои треба да се спроведат за одреден временски период за потребите на Владата на Република Македонија или | Обезбедување на буџетски средства за зајакнување на кадровските капацитети (унапредувања и нови вработувања) | Еколошки стандарди кои треба да се запазат при спроведување на мерки од областа на нуспроизводите од животинско потекло |
| | Обезбедување на средства за континуиана едукација на вработените и едукација на пошироката јавност | Законски барања за заштита на животната средина (органски материи, медицисннки отпад, комунален отпад, еколошки стандарди) |
| | Состојба и трендови во | Степен на имплементација на Закон за управување со |

| | | |
|---|---|---|
| некоја друга институција (особено непланираните)<br><br>Евроинтегративни процеси и позиција на започнување на преговори со Европската Унија | домашната и меѓународната економија како фактори кои директно и индиректно влијаат на операторите со храна<br><br>Намалување или зголемување на ДДВ на одредени производи<br>8<br>Укинување на царински давачки за одредени производи. | отпад (постапување со медицински отпад)<br><br>Климатски промени<br><br>Елементарни непогоди<br><br>Воведување на соодветни услови при работа од областа на животната средина и другите области за уредување еколошката средина кои треба да ги исполни АХВ |
| **СОЦИЈАЛНА СРЕДИНА** | **ТЕХНОЛОШКА СРЕДИНА** | **ПРАВНА СРЕДИНА** |
| Свеста на потрошувачите за безбедност на храната<br><br>Зголемена активност на Невладините организации (НВО)<br><br>Прифатливост на барањата за стандарди од фармерите, малите производители и операторите со храна (од економско социјален аспект)<br><br>Потрошувачка моќ на население и куповна моќ на граѓаните<br><br>Промена на потрошувачка кошница и нови трендови на исхрана кај населението<br><br>Ниво на образование и едукација во врска со социо-економските услови во земјата и регионот, менталитет, традиција, | Новини во технологија и технолошки процеси<br><br>Потреба за надградба на постоечките и набавка на нови технолошки технички и материјални ресурси<br><br>Надградба и унапредување на ИТ системите на АХВ<br><br>Надградба на постојното знаење на Агецнијата за потребни технолошки процеси, опрема и знаење за ракување на опремата за АХВ (иновирани технологии и нови видови храна)<br><br>Нови технолошки трендови во однесувањето на операторите со храна, потрошувачите и другите субјекти<br><br>Влијание на ИТ во однос на | Генерални законски и подзаконски акти<br><br>Системски законски и подзаконски акти од областа на безбедност на храна и ветеринарно здравство<br><br>Дополнителна документација и записи (ISO стандарди, упатства, процедури)<br><br>ЕУ законодавство<br><br>Меѓународни договори (билатерални и мултилатерални) и активности на меѓународно ниво<br><br>Меморандуми за соработка и меѓуинституционални договори и обврските кои произлегуваат од нив |

| | | |
|---|---|---|
| животен стил и навики на населението, демографски промени во населението) (културни навики, обичаи и возрасни категории на населението) (свеста на потрошувачот и ниво на неговата едуцираност).<br><br>Подигнување на јавната свест во однос на здравствена заштита и благосостојба на животните<br><br>Медиумско информирање (зголемено внимание на медиуми за областите на безбедност на храна и благосостојба на животните)<br><br>Одредени позитивни и негативни ставови на јавноста кон одредени теми од областа на безбедност на храна и здравствена заштита на животните<br><br>Зголемена свест на сопствениците и држателите на животни како и стручните лица за одредени области на безбедност на храна и здравствена заштита и благосостојба на животните<br><br>Свеста на вработените за важноста и значењето на постоењето на АХВ<br><br>Создавање на нови навики за консумирање на нови | добивање информации за безбедноста на храната, новите технологии и процеси, иновираната технологија и нови видови храна<br><br>Во одредени случаи стара технологија и стари навики<br><br>Одредување на соодветен степен на имплементација на одредени ЕУ или национални мерки (Имплементација на решенија според моменталните социо-економски услови во земјата) | Хармонизација на националното со законодавството на Европската Унија<br><br>Институционалното, Државното и Меѓународното законодавство и обврските кои произлегуваат од нив<br><br>Потреба за имплементација на транспонираното законодавство<br><br>Законски и подзаконски акти, стратегии кои се однесуваат на заштита на потрошувачите во областа на храната<br><br>Свесност за промените во законодавството и нивен импакт во целина (оператори со храна, вработени во АХВ)<br><br>Потреба за доследно спроведување на законските обврски кои произлегуваат од финасиските текови |

| | |
|---|---|
| производи | |
| Етички/религиозни фактори | |

### 1.2.9 SWOT анализа

SWOT анализата како инструмент е искористена за анализа на состојбите во самата институција, за услугите кои се даваат, за утврдување на идеи, мислења, ставови и предлози по многу прашања од интерес за понатамошно поуспешно функционирање.
Анализата е спроведена од ниво на одделение преку сумирање на наодите на ниво на сектор и потоа на Агенција со нивна приоритизација. Со наведената техника се овозможува одредување на сите битни моменти во функционирање на Агенцијата и застапување на интересите на сите организациони единици. Изготвувањето на анализата, придонесува кон исполнување на следните цели:

- Имплементација на функционално-организационата анализа во насока на зајакнување на капацитетите;
- Зголемување на нивото на функционалност и ефикасност на АХВ;
- Идентификување и Справување со ризици;
- Воспоставување на адекватен систем за примена на соодветни политики и координација;
- Зајакнување на институционалните капацитети во насока на подобрување на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните, заштита и благосостојба на животните;
- Определување на насоките на Стратешкото планирање, следење на спроведувањето, мониторинг и евалуација;
- Зајакнување и конкретизирање на институционалната соработка;
- Воспоставување на адекватен систем за континуирано надградување на вработените

Преглед на деталните анализи и слабите страни се дадени во интерниот прилог.

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| Формирање на АХВ како една институција и Интегриран и системски пристап на креирање политики и спроведување на официјанли контроли | Несоодветно и нерамномерно ползување на расположливите човечки капацитети |

| | |
|---|---|
| на АХВ во сегментот на безбедност на храна и ветеринарно здравство<br><br>Една адреса за политики на целата храна во Република Македонија<br><br>Соодветна правна рамка (законски и подзакосnки акти) со легислативно регулаторно уредување апркосимирано со ЕУ легислативата<br><br>Воспоставен систем на квалитет ISO 9001 со документирани процедури и униформен приод<br><br>Добро едуциран кадар (стручни и компетентни кадри) со тим од експерти од повеќе области (Диверзност) со познавање и користење на современи методи и техники во работењето<br><br>Добри материјални технички ресурси со обезбедени финансиски средства, информативен систем во функција и воспостаена соработка со надворешни и меѓународни субјекти и институции и разработена мрежа и контакти на терен<br><br>Брендирана институција<br><br>Директна подршка од Владата на Р. Македонија<br><br>Посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски со едуциран кадар кој е во можност да одговори на барањата на бизнис секторот и воспоставена одлична соработка со бизнис операторите и здруженијата на фармери | Во одредени сегметни недостаток на човечки ресури, неправлино распоредување на човечките ресурси и работните задачи, во одреден број на случаи и слабо едуциран стручен кадар за поедини теми, а особено за области за кои се започнува имплементација на одредена нова политика или активност<br><br>Нецелосен и недоволно соодветен деловно-административен капацитет на сместување и работа на АХВ<br><br>Недоволна техничка опременост и просторни услови за подрачните единици<br><br>Недоволен Буџет за сите планирани активности што оневозможува да се спроведува стратегијата на АХВ согласно потребите и барањата и да се обезбеди одржлив развоен фокус (периодот пред 2017 година)<br><br>Ограниченост на нови вработувања и унапредувања согласно потребите на АХВ<br><br>Ограничен кадровски капацитет во поедини одделенија, со само еден извршител; Техничка и тимска не комплементираност на поедини одделенија и во одредени случаи просторни раздвоености<br><br>Слаба мотивираност поради нереализирање на Законската одредба за 10 до 30 % зголемување на плата за изложеност на ризик по животот и |

| | |
|---|---|
| Зголемување на кадровските капацитети (согласност за работа на помлади инспектори со лиценца за инспектор)<br><br>Континуирана едукација на вработените во рамки на Твиннинг проектот, BTSF и TAIEX<br><br>Воспоставена систем на официјални контроли контрола преку интегрирана инспекциска служба<br><br>Воспоставен систем на супервизија и верификација на официјални контроли<br><br>Воспоставен систем за човечки ресурси HRMIS<br><br>Воспоставен систем на внатрешна аудит и контрола<br><br>Воспоставен систем на внатрешна ревизија<br><br>Воспоставени сите организациони структури и единици за спроведување на посебните политики и активности кои се во надлежност на Агенцијата.<br><br>Соодветни админстративни капацитети за добивање и искористување на планираните и тековните фондови на ЕУ и други меѓународни институции и спроведување на проекти како и предизвиците и активностите поврзани со ЕУ интегративните процеси.<br><br>Организиран пристап во реализација на програмските активности во надлежност на АХВ, во рамки на стратешките приоритети на Владата на | здравјето<br><br>Мала оперативна ефикасност од субјективни слабости на пониските нивоа на управување<br><br>Не секогаш адекватен опфат на процеси, системи и активности кои се во надлежност (официјални контроли)<br><br>Не преземање на мерки активности за постапување по дадени препораки и планирани активности<br><br>Недоволен админстративен и оперативен капацитет за прифаќање и операцинализација на резултатите од проекти на ЕУ и други меѓународни институции<br><br>Недоволно развиена свест на вработените за значењето на политиките за заштита на потрошувачите во областа на храната<br><br>Неизградена свест за улогата која е доверена на секој поединечно/ инспекциски дел<br><br>Непочитување на организациона поставеност<br><br>Недоволна комуникација помеѓу сектори посебно на ниво на хоризонтални функции (Архива, Човечки ресурси, Сметководство, Правен сектор)<br><br>Не секогаш задоволителна интер и интрасекорска комуникаицја |

| | |
|---|---|
| РМ | Не секогаш задоволителен ниво на соработка со други институции, тела организации во спроведување на активности од значење на АХВ<br><br>Не секогаш соодветно управување со хуманите ресурси (ангажман на вработнтие во активности надвор од надлежности на одделениекто, непрофесинално постапување на вработените по зададените работни задачи, пробивање на роковите за реализација на работните и не секогаш задоволителен квалитет на завршените работни задачи)<br><br>Не секогаш задоволителен, прилагоден ИСАХВ за задоволување на потребите на одделенијата и секторите<br><br>Фрагментираност на ИТ системите во АХВ<br><br>Зависност од аткивности на други институции организациони и технички слабости во реализацијата на плановите, заради вклученост на повеќе институции со различна надлежност и ниво на власт (централна и локална)<br><br>Немање на системски приод кон Системот и Методологија за проценка на ризик<br><br>Немање на систем, методологија за проценка на ризик на работата на секој сектор како и на комуникацијата на ризикот<br><br>Непостоење на формален систем на анализа и верификација на податоците. |

| | |
|---|---|
| | Немање на континуитет на обуки<br><br>Недоволно дисеминирано стекнато знаење<br><br>Несистемска и недоволна едукативна активност на АХВ кон потрошувачите како политика на намалување на оптеретувањето на институцијата во однос на обврските кон субјектите.<br><br>Недоволно презентирана во јавност по значајната улога која ја врши Агенцијата |
| МОЖНОСТИ<br><br>Евроинтеграциски процеси<br><br>Глобализација и вклученост на АХВ во меѓународни организации и мрежи од интерес за АХВ<br><br>Користење на донаторски средства и пристапни фондови<br><br>Континуирана едукација на вработените користејќи ги можностите на EMA, BTSF и TAIEX | ЗАКАНИ<br><br>Појава на особено опасни заразни болести кај животните со акцент на зоонози и вектор-преносливи болести<br><br>Појава на елементарни непогоди и други кризи<br><br>Појава на неконтролирани и нови ризици во областа на храната и храната за животни<br><br>Одлив на стручен кадар<br><br>Слаба подготвеност на примарните производители, како и на дел од операторите со храна за имплементација на одредени законски барања<br><br>Евроинтеграциски процеси - закана од аспект на зголемени барања во поедини области кои се во надлежност на АХВ поврзано со краткиот период на постигнување на целите и не секогаш доволни финансиски средства |

| | |
|---|---|
| | Побрз развој на корисниците од давателот на услуги<br><br>Појава од отсуство на контролни механизми кај процеси/системи и активности со доведување до ризици при реализација на крајните цели |

### 1.2.10 Анализа на заинтересирани страни (Stakeholders):

Во рамки на стратешките документи на АХВ се дефинирани заинтересирани страни односно институции со кои АХВ најмногу соработува.

| Заинтересирани страни | Интерес за АХВ | Влијание на АХВ |
|---|---|---|
| Граѓани | Голем | Големо |
| Влада | Голем | Големо |
| Невладин сектор | Голем | Големо |
| Бизнис организации | Голем | Големо |
| Меѓународни институции | Голем | Големо |
| Регионални иницијативи | Среден | Големо |
| Локални самоуправи и град Скопје | Среден | Големо |
| Научни и образовни институции | Среден | Големо |
| Верски заедници | Мал | Мало |
| Медиуми | Голем | Големо |
| Вработени | Голем | Средно |
| Оператори со храна | Голем | Големо |
| Опертори со храна за животни | Голем | Големо |
| Коморски организации | Голем | Големо |
| Здруженија на граѓани | Голем | Големо |
| Институт за стандардизација на РМ | Среден | Средно |
| Сертификациско тело | Голем | Големо |

| | | |
|---|---|---|
| Биро за јавни набавки | Голем | Големо |
| Државна комисија за жалби по јавни набавки | Среден | Средно |
| Економски оператори од тендерски постапки | Голем | Големо |
| Државен завод за статистика | Среден | Средно |
| Судство на Република Македонија | Среден | Средно |
| Јавен Правобранител на РМ | Среден | Средно |
| Државен архив на Република Македонија | Голем | Големо |
| Агенција за администрација | Голем | Големо |
| Агенција за вработување | Голем | Големо |
| Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | Голем | Големо |
| Фонд за здравствено осигурување на РМ | Голем | Големо |
| Инспекциски совет | Среден | Големо |
| Државно правобранителство на Република Македонија | Голем | Големо |
| Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка | Голем | Големо |
| Државен завод за ревизија | Среден | Големо |
| Правни лица подносители на барања | Голем | Големо |
| Царинска управа | Голем | Големо |

Во процесот на стратешко и деловно планирање, АХВ го оценува интересот и влијанието на одделните заинтересирани страни врз неговото работење, со цел соодветно да ја усогласи својата идна активност кон областите кои имаат најголемо влијани

### 1.2.11 Идентификација на ризици

**РИЗИЦИ НА НИВО НА СТРАТЕШКИ ПЛАН**

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВИЛЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| 1. Несоодветно организирање и управување (сектор - одделение) | Средна до Голема<br>Искуствено | Големо | |
| 2. Незадоволително обезбедени ресурси (човечки, финансиски, материјалн-инфраструткурни) | Средна | Средно | |
| 3. Влијание на фактори на кои Агенцијата не може да има директно влијание Force Major – Виша Сила | Средна | Големо | |

**РИЗИЦИ НА НИВО НА ПРОГРАМА**

1.ПРОГРАМА: Безбедност на храна и Ветеринарно јавно здравство

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВИЛЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Неквалитетно и неправоременот постапување по работните налози за спроведување на програмите за мониторинг | Средна | Средно | Упатства и систем на контиунирано следење и еваллуација на активностите. Кординација на официјалните ветеринари во п.е. и на граничните премини од страна на СИН |
| Не воспоставување на интегриран систем за управување со нус производите од животинско потекло (недоволни финансиски средства, комплексно учество на повеќе институции, одредување на на тип на инвестиција) Интегриран национален систем за управување со нус производи од животинско потекло | Средна | Големо | Континуирано информирање на Владата на Р. Македонија, во временски периоди не подолги од 6 месеци, за степенот на реализација на заклучоците за воспоставување на на системот, доставување на предлог заклучоци за надминување на евентуални проблеми во реализацијата и континуирана соработка со заинтересирани и задолжени државни и јавни институции за изградба и имплементација на системот, обезбедување на финансиски средства |

## 2.ПРОГРАМА: Ветеринарна здравствена заштита

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВИЛЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| Слаб или незадоволителен | Голема | Големо | Воспоставување на систем на внатрешен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| квалитетет на извршување на активностите од службите или поддоговарачите. | | | аудит и внатрешни контроли со цел праворемено утведување на евентуално одстапувања и несообразности од системски, оперативен или хуман (поединечен карактер) и презмање на корективни и преветни мерки<br><br>Процедури и Упатства за спроведува на процесите и активностите на ниво на програма |

## 3.ПРОГРАМА: Зајакнување на институционалните капацитети на АХВ

| РИЗИК | ВЕРОЈАТНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА РИЗИКОТ | ВИЛЈАНИЕ НА РИЗИКОТ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ | МЕРКИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО РИЗИКОТ |
|---|---|---|---|
| 1. Несоодветно планирање | Средна | Средно | |
| 2. Незадоволителан ефективност и ефикасност на работењето | Средна | Средно | |
| 3. Несоодветни хумани ресурси (недоволен број на вработени и незадоволителен | Средна | Големо | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ниво на знаење и вештина за спроведување на зададените обврски) | | | |
| 4. Несоодветна мотивираност и професионален ангажман (со обезбедени сите услови за извршување на зададените активности) | Средна | Големо | |

## *1.3 Мисија*

Контиунирана грижа за заштита на здравјето на луѓето од болести кои се пренесуваат преку животните и преку храната, заштита на здравјето на животните и нивната благосостојба, заштита на потрошувачите од заблуда и нивно транспарентно и навремено информирање за можни опасности од храната, како и заштита на животната средина од загадување со отпад од животинско потекло, преку креирање на соодветени политики, спроведување и следење на исполнетост на националната легислатива и контрола на спроведување на националните прописи усогласени со стандарди на ЕУ и меѓународните стандарди ратификувани од Република Македонија.

## *1.4 Визија*

Институција која е синоним за безбедност на храната, преку која се обезбедува заштита на здравјето на населението и заштита на здравјето и благосостојбата на животните, како и заштита на интересите на потрошувачите, преку примена на најсовремените научни и технички решенија од областа на безбедноста на храната и храната за животни на национално ниво и на ниво на Европска Унија.
Институција во Република Македонија која прва го има затворено релевантното поглавје во преговорите со Европската Унија, односно Поглавје 12-Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика.

## *1.5 Задачи и обврски на Агенцијата за храна и ветеринарство*

Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за:
- Извршување на работите од областа на безбедноста на храната и храната за животни,
- Спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности во областа на здравствена заштита на животните,
- Заштита и благосостојба на домашните животните и на домашните миленици, животните во зоолошките градини и животните кои се користат за експериментални и други научни цели,
- Извршување на работите од областа на нуспроизводите од животинско потекло
- Идентификација и регистрација на фармските и други животни
- Извршување на работите од областа на ветеринарно-медицински препарати

- Контрола на квалитетот на храната, со исклучок на примарното земјоделско производство од растително потекло

## *1.6 Специфичност на органот на државната управа*

Агенцијата за храна и ветеринарство е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице, кое е одговорна за вршење на работите од областа на безбедноста на храна и храна за животни, спроведување, контрола, надзор и следење на ветеринарните активности од областа на здравствената заштита на животните, нивна благосостојба, ветеринарно јавно здравство како и контрола на националните референтни и овластени лаборатории кои даваат поддршка на работата на Агенцијата.

## *1.7 Структура на Агенцијата за храна и ветеринарство*

Со Агенцијата раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Директорот има заменик кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

*** Агенцијата во својот состав брои 5 Државни советници**

*** Сектор за здравствена заштита и благосостојба на животните**
- Одделение за здравствена заштита на животните
- Одделение за благосостојба на животните
- Одделение за идентификација и регистрација
- Одделение за планови за итни мерки

*** Сектор за ветеринарно јавно здравство**
- Одделение за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло
- Одделение за ветеринарно медицински препарати
- Одделение за нус-производи од животинско потекло
- Одделение за безбедност на храна за животни и исхрана на животни

*** Сектор за храна од неживотинско потекло**
- Одделение за безбедност на храна од неживотинско потекло
- Одделение за додатоци за храна, адитиви, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена храна
- Одделение за материјали и производи во контакт со храна

*** Сектор за инспекциски надзор**

- Одделение за државна инспекција за здравствена заштита на животните
- Одделение за државна инспекција за ветеринарно јавно здравство
- Одделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло
- Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин
- Оделение за државна инспекција за храна од неживотинско потекло на граничен премин
- Одделение за меѓународна трговија и сертификација

***Сектор за ЕУ и меѓународна соработка**

- Одделение за ЕУ легислатива и европска интеграција
- Одделение за меѓународна соработка и комуникација

***Сектор за општи и административни работи**

- Одделение за општи работи, архивско и канцелариско работење
- Одделение за правни работи
- Одделение за јавни набавки
- Одделение за информатичка технологија

***Сектор за стручна поддршка**

- Одделение за управување на систем за квалитет
- Одделение за координација и контрола на лаборатории
- Одделение за заштита на потрошувачите
- Одделение за стратешко планирање

***Сектор за нови прехранбени технологии**

- Одделение за генетски модифицирана храна
- Одделение за храна произведена со иновирани технологии и јонизирачко зрачење, новел храна и други видови храна

***Сектор за процена и комуникација на ризик**

- Одделение за процена на ризик
- Одделение за комуникација на ризик и Систем за брзо известување RASFF

***Самостојни одделенија на Агенцијата за храна и ветеринарство**

- Одделение за работи поврзани со директорот-Кабинет
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Одделение за внатрешна контрола и аудит
- Одделение за внатрешна ревизија
- Одделение за финансиски прашања
- Одделение за следење на измами со храна

**Република Македонија**
Агенција за храна и ветеринарство

Организациона Структура



## *1.8 Односи со органите во состав*

Агенцијата за храна и ветеринарство согласно со Закон за безбедност на храната и Законот за организација и работа на државна управа е самостојна институција и нема органи во состав.

## 1.9 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ:

**Стратешки приоритети на АХВ:**

* **Обезбедување на висок степен за безбедноста на храна и храна за животни и ветеринарно јавно здравство**

*Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:*

- Зајакнување на воспоставениот функционален систем за контрола на безбедност и квалитетот на храната наменета за исхрана на луѓе и храната за животни и ветеринарното јавно здраство и Понатамошно усогласување на политиките на ЕУ од областа на безбедноста на храната и ветеринарното јавно здравство
- Заштита на интересите на потрошувачите, согласно одредбите од Законот за безбедност на храната и Законот за заштита на потрошувачи
- Воспоставување и градење на стратешка координација со научни институции како независен извор на научни совети и поддршка на научните активности на системот за безбедност на храната
- Одржување и унапредување на животната средина и природата од аспект на ветеринарното здравство (примена на принципите, методите и технологиите за управување со нуспроизводи од животинско потекло)
- Унапредување на системот на контрола и употребата на ветеринарно медицински препарати заради висок степен на заштита на здравјето на животните и луѓето.

* **Унапредување на здравствена заштита и благосостојбата на животните**

*Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:*

- Обезбедување на висок степен на здравствена заштита на животните од заразни и други болести што подразбира следење и спречување на појава на нови болести во земјата кај животните и зоонозите кај луѓето, соодветна контрола и надзор на болестите кои се присутни во земјата со постепено намалување на преваленцијата до постигнување на статус на земјата или одредени региони како официјално слободни од болести кај животните, заштита на јавното здравје од болестите кои потекнуваат или се поврзани со животните (зоонози, вектор преносливи болести и алиментарни инфекции и интоксикации), одржување на систем на контрола, надзор и спремност за сузбивање и искоренување на особено опасни заразни болести
- Воспоставување и одржување на систем на благосостојба и заштита на животни при нивното одгледување во фармски услови, во текот на нивниот превоз, за време на нивно колење, благосостојба на бездомни животни,

животните во зоолошките градини и експерименталните животни
-Обезбедување на извоз на свежо свинско месо

- Обезбедување на стаутус на земја за извоз живи риби од групата салмониди во ЕУ
- Добивање на статус на земја со незначителен ризик во однос на ТСЕ

**Зајакнување на институционалните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство**

*Во функција на наведениот приоритет се развиваат следните цели:*

-Унапредување на квалитетот, ефективноста и ефикасноста на работењето на АХВ и постигнување на унифицираност во работата на инспекторите за храна и официјалните ветеринари при спроведување на националното законодавство усогласено со ЕУ законодавството
-Континуирино унапредување на материјално техничките средства за спроведување на официјалните контроли и подобрување на квалитетот на официјалните контролите
-Воспоставување и одржување на системи на управување со квалитетот според ИСО и други стандарди
-Реализација на активностите утврдени во планирани и тековни проекти, а кои се однесуваат на јакнење на капацитетите и квалитетот на работењето на вработените во АХВ (прилог листа на проекти (тековни и планирани)

-Воспоставување на административна структура за започнување и водење на проеговорите со ЕУ и изработка на прелиминарна Позиција и Стратегија за транспозиција и имплементација на ЕУ актите во Република Македонија

-Законско усогласување со новиот пакет на ЕУ законодавството од областа на ветеринарното здравство и безбедноста на храна

## 1.10 Осврт на постигнати резултати за 2017 година

| Програма1 : БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО | |
|---|---|
| **Потпрограма 1 :** ***Проценка и комуникација на ризик во системот за безбедност на храната*** | Изработени се 7 анализи на податоците добиени и внесени во базата на податоци за небезбедни прехранбени производи и тоа :<br>1. Анализа на податоците од вкупниот број на земени примероци од храна и бројот на добиени податоци за позитивни резултати од земените примероци во период од 2011 до 2016 година<br>2.Бацилоносителство<br>3.Присуство на Escherichia coli во храната<br>4. Безбедноста на храната за животни од аспект на анализирани податоци содржани во нотификациите од РАСФФ системот за период 2014-2016 година<br>5.Анализа на податоци од земените мостри за бактеријата Listerija monocytogenes<br>6. Анализа на позитивни мостри во однос на микробиолошките критериуми за периодот 2010-2016 година<br>7. Споредбена анализа на програмите за мониторинг на безбедноста на храната за периодот 2012-2016 година<br>Изготвени се 12 информативни текстови за можни опасности поврзани со храната и болестите кои се пренесуваат преку храната и тоа:<br>1. 3- Монохлор пропан 1,2 диол (3-МЦПД) во храната<br>2. Важноста на јодот во исхраната<br>3. Присуство на хемиската супстанца бисвенол А во храната<br>4. Диоксини<br>5. Труд Food and Veterinary Agency through the department for risk assessment and risk communication in the year of 2016 worked at tree topics in the field of risk assessment (текст на англиски јазик со кој се промовира работата на АХВ во областа на проценка на ризик)<br>6. Ризици поврзани со бактеријата Salmonella<br>7. Туберколоза кај говедата, ризик по здравјето на потрошувачите поврзани со млекото и млечните производи<br>8. Алергени во храната<br>9. Адитиви во храната<br>10. Нанотехнологија во храната<br>11. Ензими присутни во храната<br>12. Информации за туларемија |
| **Потпрограма 2:** ***Национална*** | Мониторинг програмата за безбедност на храната во Република Македонија е објавена во Службен весник на Република Македонија бр. |

| | |
|---|---|
| ***мониторинг програма за безбедност на храната*** | 192/16 .<br>Програмата е составена од осум под програми во кои е предвидено земање за анализа на 969 мостри.<br>Вкупно се земени 824 мостри или 85% реализација.<br>Извршена е евалуација од спроведувањето на мониторинг програма за контрола на безбедноста на храната. |
| Потпрограма 3: ***Воспоставен систем за контрола на безбедноста на материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната*** | Изработени се и издадени 1821 барања за авторизација на производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната од кои:<br>-позитивно решени се 1765 барања,<br>-40 барања со заклучок за запирање на постапка,<br>-16 барања се во процедура,<br>Континуирано решавање на поднесените предмети за авторизација на материјали кои доаѓаат во контакт со храната. |
| Потпрограма 4: ***Воспоставен систем за контрола на храна и состојки на храна добиени со иновирани технологии*** | Воспоставен систем за контрола на храна и состојки на храна добиени со иновирани технологии<br>Поднесени вкупно 25 Барања, од кои позитивно решени 22 барања со Одобренија за храна произведена со иновирани технологии. 3 поднесени барања се во процедура.<br>Решени се и 6 барања кои беа поднесени во 2016 година. |
| Потпрограма 5: ***Воспоставен систем за контрола на безбедноста на посебните видови храна и адитиви согласно легислативата на Европската Унија*** | Поднесени се вкупно 1016 барања за издавање мислење за производи од групата посебни видови храна, од кои 742 за додатоци на исхрана, 244 за храна за посебна нутритивна употреба и 30 за збогатена храна. Издадени се вкупно 583 мислења за усогласеност со националните прописи на производ, од кои 420 за додатоци на исхрана, 146 за храна за посебна нутритивна употреба и 17 за збогатена храна. Издадени се вкупно 146 мислења за неусогласеност со националните прописи на производ, од кои 136 за додатоци на исхрана, 4 за храна за посебна нутритивна употреба и 6 за збогатена храна. Заради необезбедување на документација запрена е постапката за 131 барања за издавање мислење. Во процедура се 156 барања за издавање мислење. |
| Потпрограма 6: ***Воспоставен систем за контрола на*** | Поднесени се вкупно 29 барања за полнење и ставање во промет на природна минерална, изворска и друга пакувана вода од кои позитивно се решени 23 барања за природна минерална, изворска и друга пакувана вода, едно барање е решено негативно и 5 барања се сеуште во |

<table>
<tr><td>*храна од групата на природни минерални води, изворски води и други пакувани води*</td><td>процедура.<br>Решено е и 1 барање за минерална вода кое беше поднесено во 2016 година.</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 7: *Одобрувања за употреба на здравствени тврдења во комерцијални цели во рекламирање, презентирање и означување на храната*</td><td>Вкупно 1726 барања за здравствени тврдења се решени во 2017 година од кои 649 барања се позитивно решени, 296 барања се негативно решени, 312 барања се во процедура-дописи, запрени или on-hold барања вкупно решени се 161, вкупно 61 барање е со решение за отфрлање поради немање на здравствени тврдења, 180 барања се со запирање на постапка заради непотполна документација и 67 барања се запрени по барање на странка.</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 8: *Програма за официјална контрола / инспекциски надзор*</td><td>
Храна од неживотинско потекло:
<table>
<tr><td>1. Вкупно инспекциски надзори 2017</td><td>15205</td></tr>
<tr><td>Редовни</td><td>8980</td></tr>
<tr><td>Контролни</td><td>2306</td></tr>
<tr><td>Вонредни</td><td>3919</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2. Вкупно инспекциски мерки</td><td>2873</td></tr>
<tr><td>Управни решенија</td><td>1584</td></tr>
<tr><td>Едукации</td><td>1236</td></tr>
<tr><td>Мандатни казни</td><td>0</td></tr>
<tr><td>Покани за порамнување</td><td>42</td></tr>
<tr><td>Прекршочни пријави</td><td>11</td></tr>
<tr><td>Кривични пријави</td><td>0</td></tr>
</table>
Ветеринарно јавно здравство:
<table>
<tr><td>1. Вкупно инспекциски надзори 2017</td><td>15 593</td></tr>
<tr><td>Редовни</td><td>13 218</td></tr>
<tr><td>Контролни</td><td>1380</td></tr>
<tr><td>Вонредни</td><td>995</td></tr>
<tr><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2. Вкупно инспекциски мерки</td><td>1437</td></tr>
<tr><td>Управни решенија</td><td>1367</td></tr>
</table>
</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Едукации: 40<br>Мандатни казни: 0<br>Покани за порамнување: 24<br>Прекршочни пријави: 6<br>Кривични пријави: 0 |
| **Потпрограма 9:** ***Воспоставен капацитет за гранична контрола со системот на ЕУ*** | **Храна од неживотинско потекло:**<br>Увезени се 26554 пратки со храна и производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната, се земени 4787 лабораториски мостри.<br>**Живи животни и храна од животинско потекло**<br>Увезени се вкупно 14.400 пратки со храна од животинско потекло и живи животни. Во транзит прегледани се 3.571 пратка. Од граничните премин, како несоодветни вратени се вкупно 17 пратки, а како небезбедни се уништени 5 пратки. Вкупно се земени 342 лабораториски мостри |
| **Потпрограма 10:** ***Јакнење на систем за брзо предупредување за опасности од храна*** | Редовно се постапува по сите добиени нотификациии од ЕУ РАСФФ системот за брзо предупредување како со обработка на неделните податоци, направени обработки за 53 неделни извештаи и нивно проследување до Секторот за инспекциски надзор.<br>Исто така се постапува и по нотификациите кои се добиваат преку РАСФФ порталот за небезбедни производи пласирани на пазарот во Република Македонија или произведени во Република Македонија и пласирани на пазарите на земјите од ЕУ. Добиени и реализирани се 7 нотификации од кои една е за производ произведен во Република Македонија и пласирани на пазарите на земјите од ЕУ а 6 се за производи од земјите на ЕУ пласирани на пазарите во Република Македонија. |
| **Потпрограма 11:** ***Воспоставување и одржување на систем за заштита на потрошувачите*** | 1.Контиуирано е постапувано по пристигнатите преставки (337 преставки)<br>2.Изработени се анализи за потребите на АХВ и заради информирање на јавноста преку медиуми со.<br>-Евалуација на базата податоци од 2016 и нејзино поставување на веб страницата на АХВ<br>-Ажурирање на WEB страната во делот наменет за потрошувачите<br>-Изготвени се извештаи за податоците што се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози и доставени се до МИОА.<br>3.Изготвена и отпечатена во 5000 примероци брошура „Информации поврзани со храната, наменети за потрошувачите„ и поставена е на веб страницата на АХВ.<br>4.Спроведено е Истражување на етикетите на одредени групи на производи во малопродажната мрежа. Оваа активност се реализираше во соработка со невладиниот сектор /Програма за заштита на |

| | |
|---|---|
| | потрошувачите 2017/ со Настан на кој се презентираа податоците од истражувањето /Програма за заштита на потрошувачите 2017<br>5.Спроведени се заеднични активности со Одделението за следење на Измами со храна со цел воспоставување на напредни техники на заштита на потрошувачи.<br>6.Спроведени се активности поврзани со работата на „Координативното тело за надзор на пазарот,,<br>7.Спровдение се активности поврзани со Поглавје 28, Заштита на потрошувачи и здравје<br>8.Одржани едукативни работилници 15 во градинките и основни училишта со цел подигнување на степенот на познавање на основите на безбедност на храна<br>Истражувањето „Дали потрошувачите го читаат означувањето на храната,, не е реализирано во 2017 година, бидејќи не беше ставено во Планот за јавни набавки за 2017 година /необезбедени средства за јавна набавка/, па затоа е префрлено во 2018 година |
| Потпрограма 12: *Воспоставен систем за контрола на производството, прометот и употребата на храната за животни и исхрана на животни* | Врз основа на Законот за безбедност на храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 145/10, 53/11, 1/12, 33/15, 33/15, 149/15 и 53/16) во текот на 2017 година донесени се следните подзаконски акти:<br>-Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храната за животни ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) и<br>-Методологија за спроведување на мониторингот за безбедноста на храната за животните ("Службен весник на Република Македонија“ број 128/17) |
| Потпрограма 13: *Развој на систем за безбедност и квалитет на храна од животинско потекло согласно ЕУ стандардите и процедурите* | **1.НАЦИОНАЛНА МОНИТОРИНГ ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА РЕЗИДУИ ОД ВЕТЕРИНАРНО МЕДИЦИНСКИ ПРЕПАРАТИ И КОНТАМИНЕНТИ ВО ЖИВИ ЖИВОТНИ И ХРАНА ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗА 2017 ГОДИНА**<br>Согласно Годишниот план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, производи и суровини од животинско потекло за 2017 година предвидени се вкупно 1366 мостри. Од страна на официјалните ветеринари од Секторот за инспекциски надзор вкупно се земени 1402 мостри. |

| Животински вид/ Производ | Број на предвидени мостри | Број на реализирани мостри | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| Говеда | 95 | 92 | 96,84% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Свињи | 123 | 127 | 103,25% |
| Овци / кози | 197 | 225 | 114,21% |
| Живина | 23 | 24 | 104,35% |
| Кравјо млеко | 375 | 377 | 100,53% |
| Овчо млеко | 93 | 93 | 100% |
| Козјо млеко | 45 | 50 | 111,11% |
| Јајца | 222 | 221 | 99,55% |
| Мед | 70 | 70 | 100% |
| Риба | 23 | 23 | 100% |
| Дивеч | 100 | 100 | 100% |
| ВКУПНО | 1366 | 1402 | 102,64% |

Во однос на предвиденото, земени се 32 мостри повеќе од предвидениот број на мостри предвидени со мониторинг планот за 2017 година или 2,282%. Од нив, земени се вкупно 9 несоодветни мостри или 0,642%.
Доставени се вкупно 53 известувања за неможност за земање на мостри, или 3,78%. Истите се прераспределени во зависност од можностите за земање на истите во други П.Е на Агенцијата.
Од добиените наоди од тестирања добиени се 25 позитивни наоди на тешки метали и тоа:

| | |
|---|---|
| Тешки метали | 25 |
| Кадмиум | 13 |
| Олово | 4 |
| Жива | 8 |

Несоодветно мострирање:
Од вкупно земените 1402 мостри, несоодветно мострирани се вкупно 9 мостри, или 0,642%, и како најчест проблем во мострирањето е заокружувањето на друга група на самиот записник, при што од страна на овластената лабораторија тестирањето е извршено врз основа на барањето на официјалниот ветеринар (најчест проблем во 2017 година е испитувањето на диоксини).
**2. Програма за официјални контроли на ниво на примарно производство на млеко и исполнување на критериумите за сурово млеко (преструктуирање на одгледувалишта на молзни грла – категоризација на примарни производители на млеко)**
До Поткомитетот за земјоделство и рибарство на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија доставен е извештај за преземените активности за доставување на податоци за Регистар на одгледувалишта на молзни грла за различни категории на краварски фарми со повеќе од 5 животни кои пласираат млеко на пазарот.
Во спроведувањето на акциониот план вклучен е и Секторот за

здравствена заштита на животните, во однос на категоризација на одгледувалиштата.
Одржани се три еднодневни обуки за официјаните ветеринари во поглед на бараните активности за спроведување на Планот.
Извршени се посети и категоризација на вкупно 242 одгледувалишта на молзни грла, и тоа:

| Категорија | Вкупно | % |
|---|---|---|
| I категорија | 14 | 5,785 |
| II категорија | 166 | 68,595 |
| III категорија | 62 | 25,620 |

Во однос на податоците доставени за 4 – те критериуми за категоризација на примарните производители на млеко, добиени се следните податоци:

| | Да | % | Не | % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Хигиенски барања | 125 | 51,653 | 117 | 48,347 | 242 |
| Здравствени барања | 242 | 100 | 0 | 0 | 242 |
| Критериум број на соматски клетки | 10 | 4,132 | 232 | 95,868 | 242 |
| Критериум број на колонии | 21 | 9,502 | 221 | 90,498 | 242 |

**3. Програма за антимикробна отпорност**

Согласно обврските од Законот за безбедност на храната донесена е Програма за антимикробна отпорност од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство за периодот 2017 – 2021 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/17).
Планот за мониторинг на антимикробна отпорност за 2018 година е составен дел од Годишната наредба за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло за 2018 година.

**4. Преглед на вкупниот број на одобрени објекти и оператори со храна од животинско потекло во Република Македонија заклучно со 31.12.2017 година.**

| Објекти и оператори со храна од животинско потело одобрени согласно Закон за ветеринарно јавно здравство и Закон за безбедност на храна (31.12.2017 год) | | | | | | | Вкупно одобрени БОХ во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Сек ција | Вид на објект | Трајно одобрени | Локализирани | Времено одобрение | Традиционално | Привремено решение за локализирана активност | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | Објекти со општа Активност | 64 | / | / | / | / | 64 |
| I | Месо од домашни чапункари | 20 | 1 | 1 | / | / | 22 |
| II | Месо од живина и зајаци | 4 | / | / | / | / | 4 |
| V | Мелено месо, подготовки. од месо, МОМ | 7 | 5 | / | / | 1 | 13 |
| VI | Производи од месо | 37 | 7 | 1 | / | 1 | 46 |
| VIII | Риба и производи од риба | 3 | / | / | / | / | 3 |
| IX | Свежо млеко и производи од млеко | 62 | 6 | 1 | 14 | 5 | 88 |
| X | Јајца и производи од јајца | 40 | 26 | 1 | / | / | 67 |
| XIII | Обработени желудници, мочни меури и црева | 1 | / | / | / | / | 1 |
| XVI | Мед | 13 | / | / | / | / | 13 |
| XVII | Мешовити производи | 1 | / | / | / | / | 1 |
| | Вкупно: | 252 | 45 | 4 | 14 | 7 | 322 |

**5. Одобрување на објекти/оператори со храна од животинско потекло за извоз во ЕУ и трети земји**

- Изготвени се 52 гаранции за објекти/оператори со храна од животинско потекло за извоз во трети земји кои не се членки на Европската унија,
- Поднесени се седум барања до Европската Комисија за ставање на листа на објекти одобрени за извоз на храна од животинско потекло во земјите-членки на Европската унија од кои 6 се прифатени и објектите се ставени на листата на трети земји кои вршат увоз на пазарите на земјите членки на Европска унија, додека за последната апликација постапката сеуште е во тек.

**Потпрограма 14:** ***Следење на измами со храна***

1. Донесени се Процедурата за иницирање на истрага за следење на измама со храна, и Упатството за истраги за следење на измами со храна со креирање на нови документи, обрасци за Заклучок и Извештај.
2.Организиран настан-обука/работилница за информирање на инспекторите во врска со спецификностите на контролите за измами со храна.
3.Воспоставена е тесна соработка со Одделението за заштита на потрошувачи и размена на податоци со истото.
4.Постапено е по една претставка од граѓани од областа на измами со храна која е основана.
5.Креирана е база на податоци за предмети поврзани со измама на храна и постојано се ажурира
6.Контиирано се спроведува анализа на појавите и трендовите на измами со храна со реализација на истраги постапување во постапка на

| | |
|---|---|
| | истрага и превземање на активности и мерки во инспекциска постапка. |
| **Потпрограма 15:** ***Понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ од областа на безбедноста на храната*** | Согласно Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/2015, 84/2015, 129/15, 213/2015, 39/2016 и 64/2018), во текот на 2017 година донесени се следните подзаконските акти усогласени со соодветното законодавство на ЕУ:<br>1.) Правилник за посебните барања за безбедност на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната, постапката за одобрување на процесите на рециклирање на пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната и означувањето на рециклираните пластични производи и материјали што доаѓаат во контакт со храната ("Службен Весник на РМ" бр. 56/2017 од 15.05.2017), усогласуавње со: 32008L0282;<br>2.) Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло ("Службен Весник на РМ" бр. 166/2017 од 17.11.2017), , усогласување со: 32005R2074; и 32016R0355;<br>3.) Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната ("Службен Весник на РМ" бр. 37/2017 од 24.03.2017), усогласување со: 32013R1019; 32014R0217; и 32015R2285;<br>4.) Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло ("Службен Весник на РМ" бр. 166/2017 од 17.11.2017), усогласување со: 32005R2074; и 32016R0355;<br>5.) Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на вршење на официјалните контроли на производите од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето ("Службен Весник на РМ" бр. 169/2017 од 23.11.2017), усогласувње со: 32005R2074; и 32015R2285Ч и<br>6.) Решение за изменување и дополнување на Решението за утврдување на посебни услови за увоз на одредена храна за животни и храна за луѓе поради ризик од афлатоксини ("Службен Весник на РМ" бр. 170/2017 од 27.11.2017), усогласување со: 32016R2106.<br>Национални акти:<br>1.) Правилник за начинот на вршење мониторинг и контрола на присуство на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи во храна за животни и начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи, контаминенти, недозволени супстанции, суровини и производи |

| | |
|---|---|
| | во храна за животни „Службен весник на РМ“ бр. 128 од 14.09.2017 година |

| Програма 2: ВЕТЕРИНАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА<br>Здравствена заштита и благосостојба на животните | |
|---|---|
| Потпрограма 1: *Висок степен здравствена заштита на животните на РМ* | Се обезбеди континуитет во имплементација на Програмите за здравствена заштита на животните (сузбивање и искоренување на болестите: бруцелозата кај овци и кози, туберкулозата кај говедата, бруцелоза кај говедата, трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии – TCE)<br>Извршени се следните испитувања:<br>*-Бруцелоза овци испитани се 412978 животни од кои позитивни се 448 животни,*<br>*-Бруцелоза говеда (заклучно со 31.12.2017) испитани се 158840 животни од кои позитивни се 347 животни, и*<br>*-Туберкулоза кај говеда испитани се 174967 животни од кои 45 животни се јавуваат како позитвни.*<br>Спроведена е и проверката на успешноста на вакцинацијата против бруцелоза кај овци и кози со серолошко испитување на вакцинираните животни во период после 25-35 дена од извршената вакцинацијата.<br>**Салмонелоза:** Активностите согласно НКПС се спроведуваат согласно предвиден план за работа на Агенција со спроведување на најмалку една официјална контрола и надзор на раширеноста на салмонелозата кај домашната живина (Gallus gallus) во одгледувалишта за производство на јајца за исхрана на луѓето;<br>**Антракс – Ентеротоксемија:**<br>Спроведена е превентивна вакцинација против антракс кај коњи, говеда, овци и кози во регионите каде има дистрикти но и во региони кои беа зафатени со поплавите на почетокот на годината. Вакцинирани се 3945 говеда, 69 коњи и 13675 овци и кози.<br>Извршена е вакцинација на 599268 животни на ентеротоксемија кај овците и козите.<br>**Беснило – Класична чума кај диви свињи:**<br>Реализирана е пролетна и есенска кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило при што се дистрибуирани 500,000 + 497.306 мамки со вакцина против болеста беснило кај лисиците, со истовремено спроведување на мониторинг на кампањите за орална вакцинација на лисиците против беснило;<br>Спроведен е мониторинг на класична чума кај свињите кај дивите свињи;<br>Спроведени се мерки за зајакнување на системот за надзор на |

| | |
|---|---|
| | беснило кај лисици и класична чума кај свињите (едукација на ветеринарните и ловните друштва);<br>Спроведен е мониторингот на ефикасноста на вакцинацијата против класична чума кај свињите кај домашните свињи.<br>Активноста е спроведена во период кај на 2016 почеток на 2017 година при што се земени мостри од 51 фарма а испитани се 1111 животни од кои 798 се позитивни а 277 негативни и 35 сомнителни. Во однос на сезона 2015/2016 резултатите се подобри за 4%. (во тек е проверка на имунитет 2017/2018).<br>Спроведен е мониторингот на векторите кои пренесуваат заразни болести кај животните.<br>Спроведен е надзор на присуство на болестите ИХН и ВХС во сите регистрирани рибници за производство на пастрмка за добивање на статус на земја слободна од овие болести во аквакултурата.<br>Спроведен е активен надзор на авијарна инфлуенца кај диви птици.<br>Спроведени се активности за подигнување на јавната свест за рано препознавање на симптоми на Болест на јазлеста кожа (дистрибуција на промотивен материјал и кампања во соработка со ветеринарните друштва како и информирање преку веб страната на АХВ). Во период од септември –октомври 2017 спроведени се седум регионални работилници и една дводневна работилница за обука на обучувачи. На регионалните работилници учество зема вкупно 281 лице од кои: 63 официјални ветеринари, 199 доктори по ветеринарна медицина вработени во ветеринарните друштва кои имаат склучен договор со АХВ и 19 советници од Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството<br>Донесени се<br>-Упатство за воведување на биосигурносни мерки на одгледувалишта на свињи<br>-Упатство за начин и постапка за спроведување на категоризација на одгледувалишта на свињи за здобивање на статус одгледувалиште во кое се применуваат контролирани услови на одгледување на свињи |
| **Потпрограма 2:** ***Воведен систем за благосостојба на животните согласно со ЕУ стандардите и процедурите*** | Донесени се следниве подзаконски акти :<br>-Правилник за заштита и благосостојба на животните кои се држат за фармски цели (Службен весник на Република Македонија бр. 3/17). Ревидиран Со новиот правилник се носат и одредби за заштита и благосостојба на пилињата за производство на месо- бројлери кои досега не биле предмет на уредување.<br>-Правилник за заштита и благосостојба на животните за време на превоз (Службен весник на Република Македонија бр. 4/17), со кој се транспонирани одредени делови од регулативата 32005R0001 кои не |

| | |
|---|---|
| | беа транспонирани целосно и соодветно во националната легислатива.<br>Во основните училишта на територијата на град Скопје се спроведе едукативна кампања. Кампањата е организирана како дел од проектот посветен на подигнување на јавната свест во поглед на одговорното сопственишто на домашните миленици со што како крајна цел е намалување на популацијата на бездомни кучиња. Едукативната кампања е унифицирана кампања на Светската организација за здравствена заштита на животните – ОИЕ, и под покровителство на Кралското здружеение за заштита на животните од суровост од Велика Британија (RSPCA) и Регионалниот центар за благосостојба на животните (RAWC).<br>Во 2017 година спроведени се обуки во 9 општини во 17 училишта на македонски јазик а во 5 училишта на албански јазик. |
| Потпрограма 3: ***Категоризација, собирање, превезување, отстранување, преработка, употреба и складирање на нуспроизводи од животинско потекло од аспект на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство*** | **Законско уредување**<br>Донесени се следните подзаконски акти:<br>-Листа на објекти и/или активности кои треба да бидат одобрени или регистрирани (Службен весник на Република Македонија бр. 3/17).<br>-Правилник за посебните услови кои треба да ги исполнуваат преработените животински протеини и други преработени производи кои можат да се користат како материјал за исхрана на животните во однос на стандардите за преработка, суровините, складирањето, увозот и хигиенските услови како и условите кои треба да ги исполнуваат објектите за производство на храна за домашни миленици и технички објекти и посебните технички услови за храната за домашни миленици и кучешки грицкалици во однос на суровините, стандардите за преработка и увозот (Службен весник на Република Македонија бр. 35/17)<br>-Правилник за формата, содржината и начинот на поднесување на барање и начинот на регистрација и одобрување на оператори, објекти и погони за нуспроизводи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија" бр. 121/17).<br>-Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со нуспроизёводи од животинско потекло, формата и содржината на ветеринарно-здравсвениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со нуспроизводи од животинско потекло, како и листата на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит ("Службен весник на Република Македонија" бр. 121/17)<br>**Процеси на регистрација и одобрување** |

| | |
|---|---|
| | Регистрација на 32 објекти и/или активности со нуспроизводи од животинско потекло.<br>Регистрација на 32 правни лица кои вршат увоз на нуспроизводи од животинско потекло.<br>Издадени се 6 решенија за одобрување на објект и оператор со нуспроизводи од животинско потекло.<br>Согласно Стратегијата за воспоставување на национален систем за управување со нуспроизводи од животинско потекло, а со цел реализација на одлуките на Владата, Агенцијата за храна и ветеринарство одржа неколку работни состаноци со претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финасии, Министерствот за економија, Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделие, шумарство и водсостопанство со цел да се прецизираат сите предуслови и барања во однос на законската регулатива кои треба да ги исполни идниот оператор на системот како и со претставниците на операторот со нуспроизводи од животинско потекло ATEV Унгарија како заинтересиран иден оператор. По барање на ATEV, Одделението за нуспроизводи од животинско потекло изготви и достави неколку документи за количините на генерирани нуспроизводи од животинско потеколо за годините 2013, 2014 и 2015 година и тоа:<br>- Количини на генерирани нуспроизводи од животинско потекло од прехранбената индустрија,<br>- Количини на генерирани нуспроизводи од животинско потекло од примарно производство (фарми), и<br>- Количина на храна наменета за исхрана на луѓе прогласена како нуспроизвод од животинско потекло.<br>- GPS координати на најважниите генератори на нуспроизводи од животинско потекло на територијата на Република Македонија. |
| **Потпрограма 4:** ***Извршени надградби и одржување на Системот за Идентификација и Регистрација на животните (СИРЖ) и развој и имплементација*** | Имплементација на модулот за домашни миленици, што вклучува и обука на ветеринарни друштва за користење на модулот и внесување на податоци.<br>Модулот за беснило е изработен и се врши негово тестирање. |

| | |
|---|---|
| *на информативниот систем на агенцијата за хрна и ветеринарство ИСАХВ)* | |
| Потпрограма 5: *Воспоставен систем за контрола на производството, прометот и употребата ветеринарно-медицински препарати* | Комисијата за ветеринарно - медицински препарати на 18-та, 19-та, 20-та, 21 и 22-та седница одржани во неколку продолженија, разгледа и изготви 63 Решенија за одобрение за ставање во промет на ветеринарно - медицински препарат и кај сите е запазен законскиот рок од 210 дена. |
| Потпрограма 6: *Воспоставен систем на планови за итни мерки* | Донесена Одлука за планови за итни мерки,<br>Донесен план за итни мерки за класична чума кај свињи,<br>Донесен план за итни мерки за авијарна инфлуенца<br>Изготвување на процедура за планови за итни мерки,<br>Формирани НЦКБ и ЛЦКБ (национални и локални центри за контрола на болести кај животните).<br>Реализирана е работилница за ТСЕ (организација на TAIEX);<br>Реализирани се работилници за болести кај риби и изработени документи и надзор на болести кај крап (организација на твининг проект);<br>Извршена е измена и дополнување на Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура (СВРМ 190/17) во правец на напредно усогласување со легислативата на Европската Унија. |
| Потпрограма 7: *Воспоставен систем на официјални контроли во делот на здравствена заштита,* | (see table below) |

| | |
|---|---|
| **1. Вкупно инспекциски надзори** | **16509** |
| Редовни | 11039 |
| Контролни | 1420 |
| Вонредни | 4050 |
| | |
| **2. Вкупно инспекциски мерки** | **2680** |
| Управни решенија | 2155 |
| Едукации | 433 |

<table>
<tr><td>благосостојба и идентификација и регистрација на животните</td><td>
<table>
<tr><td>Мандатни казни</td><td>28</td></tr>
<tr><td>Покани за порамнување</td><td>42</td></tr>
<tr><td>Прекршочни пријави</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Кривични пријави</td><td>7</td></tr>
</table>
</td></tr>
| Потпрограма 2: ***Унапредување на статусот на РМ во однос на извозот на животни во ЕУ (жива риба од групата салмониди)*** | **Остварени резултати во 2018:**<br>-Доставен одговор на прашалник за аквакултура до Европска Комисија, како еден од чекорите за ставање на Република Македонија на листата на земји дозволени за извоз на салмонидни видови на риба.<br>Донесени се измени и дополнувања на правилниците:<br>Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на одредени болести кај водните животни ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/11, 114/14 и 31/18) и<br>Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/13. 132/14 и190/17).<br>Во текот на 2018 година продолжи постапката за регистрација на одгледувалишта на аквакултура согласно Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12 и 27/14). Во текот на 2018 година регистрирани се вкупно е 135 одгледувалишта на риба.<br>Беше спроведен активен надзор на присуство на Вирусна хеморагична септикемија и Инфективна хематопоетска некроза кај пастрмки. Главна цел за спроведување на овој надзор е потврдување и декларирање на статус „Земја слободна од болест“ во однос на ВХС/ИХН, а со тоа можност за пристап на пазарите во ЕУ или трети земји.<br>Активниот надзор се спроведуваше во текот на мај 2018 година на сите одгледувалишта на аквакултура на територијата на Република Македонија кои произведуваат пастрмка. Во рамките на активниот надзор официјалните ветеринари спроведоа официјални контроли на одгледувалиштата со клинички преглед и земање мостри.. Лабораториска дијагностика на земените |

| | |
|---|---|
| | мостри се спроведе на Институтот за ветеринарна медицина во Србија кој има акредитирана лабораторија за дијагностика на ВХС/ИХН кај пастрмки.<br>Сите примероци што беа собрани и тестирани во периодот 2015-2017 година дадоа негативен резултат на ВХС и ИХН.<br>Во текот на 2018 година на три одгледувалишта беше добиен позитивен резултат на инфективна хематоопоетска некроза (ИХН), по што беа наредени мерки на овие одгледувалишта согласно воспоставената законска правна рамка и беше спроведена депопулација и засушување на рибниците. |
| Потпрограма 3: ***Добивање на статус на земја со незначителен ризик во однос на ТСЕ*** | **Остварени резултати во 2018:**<br>Испитани примероци од мостри земени во кланица и тоа:<br>Говеда: 3215,<br>Овци: 145<br>Сите примероци се со негативен резулат. |
| ***Потпрограма 4: Висок степен здравствена заштита и благосостојба на животните и*** | **Остварени резултати во 2018:**<br>**Здравствена заштита на животните**<br>Континуитет во имплементација на Програмите за здравствена заштита на животните (сузбивање и искоренување на болестите: бруцелозата кај овци и кози, туберкулозата кај говедата, бруцелоза кај говедата, трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии – ТСЕ)<br>**Болести кај овци/кози**<br>**Бруцелоза овци/кози**<br>Во периодот од 01.03.2018 година заклучно со 31.12.2018 година вкупно се вакцинирани 140.449 овци и кози во вкупно 3650 одгледувалишта. Истовремено во овој период се спроведуваше и земање на примероци од вакцинираните животни со цел дијагностичко испитување за проценка на имуноста на вакцинираните овци и кози против Бруцелоза во период од 25 – 35 дена после вакцинацијата. Како директен резултат од спроведените мерки за контрола на болеста кај животните, бројот на заболени луѓе од B.melitensis е видливо намален.<br>***Табела 1.04:*** *Преглед на трендот на опаѓање на број на регистрирани заболени луѓе од болеста Бруцелоза во период 2008-2018година* |

| Година | Заболени луѓе од бруцелоза |
|---|---|
| 2008 | 485 |
| 2009 | 287 |
| 2010 | 163 |

| | |
|---|---|
| 2011 | 96 |
| 2012 | 82 |
| 2013 | 36 |
| 2014 | 40 |
| 2015 | 24 |
| 2016 | 22 |
| 2017 | 21 |
| 2018 | 11 |

**податоците се обезбедени од Институтот за јавно здравје Скопје*

**Антракс кај овци и кози**

Вакцинацијата се спроведуваа од 01.01.2018 година, а обично завршува пред започнување на летото 30.06.2018 година. Во случај кога имаме заболени животни, се наредуваат мерки за сузбивање и искоренување на болеста од страна на официјалните ветеринари.

Вакцинирани се вкпно 15 401 животни во 138 одгледувалишта.

**Ентеротоксемија кај овци и кози**

Согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните за 2018 година заради подобрување на епизотиолошката состојба со болеста и намалување на морталитетот кај овците и козите е извршена превентивна вакцинација на сите овци и кози на територија на Република Македонија. Вакцинацијата е спроведена од страна на ветеринарните друштва кои имаат склучено договор со одгледувачите на овци и кози

**Заразни болести кај говеда**

**Бруцелоза и Туберкулоза кај говеда**

Мерките кои се спроведуваат за контрола на бруцелозата и туберкулозата кај говедата се согласно Програмата за сузбивање и искоренување на Бруцелозата кај говеда и Програмата за сузбивање и искоренување на Туберкулозата кај говедата. Дијагностичкото тестирање–туберкулинизација и земањето примероци се спроведуваа од 12.09.2018 година до 30.11.2018 година, додека сите ре-тестирања и постапките за потврдување на позитивни реагенти на туберкулоза се одвиваа во текот на 2018 година. На дијагностичко испитување на бруцелоза подлежат сите говеда постари од шест месеци на целата територијата на РМ. Во последните три години бруцелозата кај говедата го задржува истиот тренд на појава.

Вкупен број на тестирани животни за бруцелоза изнесува 140 979

| | |
|---|---|
| | од кои 305 се позитивни односно 0,22%.<br>Од контролата на Туберкулозата кај говедата со број на тестирани, позитивни животни и одгледувалишта тестирани се вкупно 155624 од кои 58 се прогласени позитивни говеда со метода на ретуберкулинизација или 0,04%.<br>**Болест на чвореста кожа кај говедата**<br>Во текот на месец март 2018 година започна да се спроведува новата вакцинална кампања за вакцинација на сите говеда на територијата на Република Македонија против болест на чвореста кожа. Од страна на Европската Унија беа донирани вкупно 230.000 дози на вакцини (Lumpy skin vaccine OBP Onderstepoort од 25 дози) Исто така во текот на месец март започнаа да се спроведуваат активности за проценка на успешноста на вакцинацијата против болест на чвореста кожа. Во контролата на имунитетот беа вклучени 73 ветеринарни друштва, а одгледувалиштата кои беа вклучени во испитувањето се селектираа по случаен избор. Со првото земање беа испратени 378 мостри за испитување, а со второто земање заклучно со 05.07.2018 испратени се 313 парни серуми на лабораториско испитување. Земањето на мостри за проценка на имунитетот се спроведуваше пред започнување на вакциналната кампања, а земањето на парните серуми се спроведуваше најмалку 28 после вакцинацијата на говедата против болест на чвореста кожа.<br>**Антракс кај говеда**<br>Вакцинацијата се спроведуваше од 01.01.2018 година, а заврши пред започнување на летото 30.06.2018 година. Број на вакцинирани животни против антракс во општини кои се дистрикти за 2018 година изнесува 3948 говеда.<br>**Болести кај дивечот**<br>**Беснило**<br>Во 2018 година беа реализирани две кампањи за орална вакцинацијана лисиците и тоа: пролетната единаесеттата кампања по ред во период од 10.04.2018-23.04.2018 година, и есенската дванаесеттата кампања по ред во период од 11.10.2018-18.10.2018 година.<br>За пролетната кампањата беа доставени и дистрибуирани 500.000 вакцинални мамки (освен примероци земени за анализа на титарот на вакцината) со серички броеви на вакцината 7224 и 7324. Дистрибуција на вакцинални мамки се изврши на целата територија на Република Македонија (на површина од 23.628км2) до надморска височина од 2.000 метри со исклучок на населените |

| | |
|---|---|
| | места и водните површини. GPS систем има податоци за фрлени 495.142 вакцинални мамки. Просечната густина на дистрибуирани мамки беше 21 мамки/km² со стандардна девијација (СД) од 7 мамки/km².<br>За есенската кампањата беа доставени и дистрибуирани 500.000 вакцинални мамки (освен примероци земени за анализа на титарот на вакцината) со сериски броеви на вакцината 0425 и 0525. Дистрибуција на вакцинални мамки се изврши на целата територија на Република Македонија (на површина од 23.628км2) на надморска височина до 2.000 метри со исклучок на населените места и водните површини. GPS системот има регистрирано податоци за фрлени 490.043 вакцинални мамки. Просечната густина на дистрибуирани мамки беше 21 мамки/km² со стандардна девијација (СД) од 9 мамки/km².<br>**Трихинелоза**<br>Вкупно во 2018 година, доколку бројките се разгледуваат вон ловните сезони, испитани се 594 примероци од диви свињи од кои 13 се позитивни. Болеста кај дивите свињи се појавува точно по пет години односно за последен пат е утврдена во ловната сезона 2012/2013. На следнава мапа е даден приказ на региони каде е утврдена појавата на трихинелоза кај диви свињи во период на ловните сезони од 2012 до 2018 година.<br>**Заразни болести кај пчелите**<br>**Американска чума на пчелното легло**<br>Од вкупно 243492 пчелни семејства во 4599 пчеларници, болеста е потврдена кај 97 пчелни семејства во 14 одгледувалишта во теситирани 24 пчеларници. Мостри за дијагностичко испитување се земаат само по пријава на сомнеж на болеста од страна на одгледувачот.<br>**Болести кај живината**<br>**Салмонелоза (предизвикана од соеви на релевантни за ветеринарно јавно здравство.)**<br>Во текот на 2018 година со националниот контролен план за салмонелозата се опфатени 91 активни одгледувалишта на живина со 133 јата со вкупен број на 750 455 единки.<br>Во период од 01.01.2018 до 31.12.2018 вкупно се испитани 962 примероци на фецес и прашина за утврдување на присуство на релевантни соеви на Salmonella spp. согласно Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации.<br>При официјална контрола на јатата за верификација на планот до |

| | |
|---|---|
| | лабораторија се испратени и испитани вкупно 230 примероци.<br>Од страна на одгледувачи/ оператори со храна се земени и испратени вкупно 732 примероци како обврска на редовна внатрешна проверка предвидена со Националниот контролен план за салмонелозата кај живина согласно Правилникот за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела и други одредени алиментарни интоксикации.<br>Од вкупниот број на испитаните примероци фецес и прашина во девет јата е утврдено присуство на салмонела од кои во четири јата е утврдено присуство на S. Enteritidis и во едно јато е утврдено присуство на S.Typhimurium за која е поставена цел за намалување<br>**Њукастелска болест**<br>Следењето на состојбата со појава на болеста се заснова на пасивен надзор и контрола на присуство на болест кај увезената живина за време на карантин. Заклучно со месец декември 2018 година испратени и испитани се 544 примероци за детекција на присуство на њукастелска болест од 66 јата живина во услови на карантин. Од нив во две јата е утврдено присуство на авирулентен вакцинален сој на њукастелска болест.<br>**Антракс кај копитари**<br>Вакцинацијата се спроведуваа од 01.01.2018 година, а обично завршува пред започнување на летото 30.06.2018 година. Бројот на вакцинирани животни против антракс во општини кои се дистрикти за 2018 година е 73 коњи во 48 одгледувалишта.<br>**Болести кај аквакултурата**<br>Во текот на 2018 година регистрирани се вкупно е 135 одгледувалишта на риба.<br>Во текот на 2018 година на три одгледувалишта беше добиен позитивен резултат на инфективна хематоопоетска некроза (ИХН), по што беа наредени мерки на овие одгледувалишта согласно воспоставената законска правна рамка и беше спроведена депопулација и засушување на рибниците.<br>При надзорот на КХВ кај крап од 27 одгледувалишта земени се 405 примероци и ите примероци беа негативни на КХВ.<br>**Мерки и активности за Авијарна инфлуенца**<br>Целта на надзорот е да се утврди присуството односно да се потврди отсуството на вирусот на авијарна инфлуенца во Република Македонија. Надзорот се спроведува во временски период од месец ноември до месец март наредната година.<br>Број на земени примероци од одгледувалишта/ локалитети: |

| | |
|---|---|
| | Комерцијални одгледувалишта -62, земени примероци 689<br>Селски домаќинства- 422 ,земени примероци 2462<br>Селски домаќинства со водна живина- 80, земени примероци 415<br>Локалитети на диви водни птици -25, земени примероци 18 трупови и 9 брисеви<br>**Инфективна Анемија кај копитари**<br>Во текот на мониторингот беа земени и испитани крвни мостри од 232 животни од видот копитари од целата територија на Р. Македонија, од кои 19 животни дадоа позитивен релултат на болеста инфективна анемија кај копитарите. За сите позитивни случаеви се издадени решенија со рестриктивни мерки во однос на движењето на приемчивите животни во и од одгледувалиштата.<br>**Благосостојба на животните**<br>Во 2018 година, донесени се следниве подзаконски акти од областа на благосостојбата на животните:<br>1. Правилник за постапката за именување и разрешување на членовите на Комисијата за заштита и благосостојба на животните, содржината на Деловникот за работа на Комисијата и висната на надоместокот за работата на Комисијата ( Службен весник на Република Македонија бр. 51/18) и<br>2. Одлука за висина на надоместоците за активности на заштита и благосостојба на животните како и начин на нивна наплата ( Службен весник на Република Македонија бр.112/18)<br>3. Донесена е Стратегија за заштита и благосостојба на животните со акциски план.<br>Согласно договорот за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да изврши евалуација на поднесената документација и да изврши контроли на терен во однос на исполнетоста на условите од областа на заштитата и благосостојбата на животните. Постапено е по 150 барања пристигнати од страна на АФПЗРР.<br>Испечатени се 1000 брошури наменети за превозниците на животни за заштита и благосотојба на животните за време на превоз.<br>Овластен е субјект кој ќе издава сертификат за компетентност за заштита и благосостојба на животните за време на колење и убивање на животни и придружни операции во кланици.<br>Согласно стратегијата за заштита и благосостојба на животните, извршена е набавка на 100 000 микрочипови за кучиња и мачки и |

| | |
|---|---|
| | спроведена е активноста за за идентификација и регистрација на домашните миленици. Склучен е договор со 149 ветеринарни друштва овластени за микрочипирање и до крајот на 2018 година поделени се околу 66000 микрочипови.<br>Продолжување на едукативната кампања во основните училишта како дел од унифицираната регионална кампањата на Светската организација за здравствена заштита на животните – OIEОИЕ за подигнување на јавната свест во поглед на одговорно сопственииштво на домашните миленици, со што како крајна цел е намалување на популацијата на бездомните кучиња. Во текот на 2018 година извршена е една едукација во едно основно училиште. |
| | **Планови за итни мерки**<br>**Остварени резултати во 2018:**<br>Донесена одлука во која е утврден акциски план за постапување во однос на класична чума кај свињите<br>Мониторингот за ефикасноста од вакцинација спроведен на на 1267 примероци собрани во кланици од 29 свињи од секоја комерцијална фарма за свињи заклани во кланица во период од три месеци (јануари-март).<br>Спроведена категоризација на одгледувалишта со свињи: 93 одгледувалишта на свињи (комерцијални) согласно податоците добиени од пописот на свињи од 2017 и 2018 година.<br>-33 одгледувалишта се категоризирани со низок ризик,<br>- 54 со среден ризик и<br>- 6 со висок ризик.<br>Донесен прирачник за биосигурносни мерки на одгледувалишта за свињи, испечатен тираж од 500 примероци и дистрибуиран до официјалните ветеринари.<br>Реализирани тренинзи-обуки -едукација на: одгледувачи на свињи комерцијални одгледувалишта, ветеринарни друштва, официјални ветеринари- подигање на свесноста за болестите класична чума кај свињите, африканска чума кај свињите и биосигурносни мерки<br>Спроведен мониторинг на африканска чума кај дивите свињи, склучени договори со ловните друштва.<br>Изработен информативен материјал- лифлети за АЧС африканска чума кај свињите. Испечатено лифлети за АЧС<br>Реализирани симулациски вежби:<br>- СИМЕХ 2018- спроведена симулациска вежба за лигавка и шап – во соработка со ЕУФМД<br>Донесени планови за итни мерки: |

| | |
|---|---|
| | 1. План за итни мерки и оперативен прирачник за чума кај мали преживари,<br>2. План за итни мерки и оперативен прирачник за лигавка и шап,<br>3. План за итни мерки и оперативен прирачник за африканска чума кај свињите,<br>4. План за итни мерки и оперативен прирачник за сипаници кај овци и кози<br>Набавена опрема за постапување во случај на појава на особено опасни заразни болести и опремување на центрите (НЦКБ, ЛЦКБ):<br>Опрема за лична заштита,<br>Опрема за чистење и дезинфекција (спроведување на биосигурносни мерки) и ИТ опрема<br>Одржани 2 состаноци на НЦКБ |
| | **Надградби и одржување на Системот за Идентификација и Регистрација на животните (СИРЖ) и развој и имплементација на информативниот систем на агенцијата за хрна и ветеринарство ИСАХВ)**<br>**Остварени резултати во 2018:**<br>Изработени се предлози за техничка спецификација (ТСР) за модул на попис на копитари,<br>Изработени се предлози за техничка спецификација (ТСР) за модул за беснило и домашни миленици,<br>Изработени се предлози за техничка спецификација (ТСР) за модул за бруцелоза кај мали преживари,<br>Организирање на TAIEX работилница на тема зајакнување на системот за идентификација и регистрација на животни од видот свињи и TAIEX експертска мисија за идентификација и регистрација на копитари. |
| | **Воспоставен систем на официјални контроли во делот на здравствена заштита, благосостојба и идентификација и регистрација на животните**<br>**Остварени резултати во 2018:** |

| Инспекциски надзори/ Инспекциски мерки | Вкупно | | |
|---|---|---|---|
| | План. | Оств. | % |
| **1. Вкупно инспекциски надзори** | **9858** | **19605** | **199** |
| Редовни | 7663 | 13694 | **179** |
| Контролни | 1000 | 1422 | **142** |
| Вонредни | 1195 | 4489 | **376** |
| **2.Вкупно инспекциски мерки** | **1795** | **2437** | **136** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Управни решенија | 1052 | 1793 | **170** |
| | Едукации | 414 | 540 | **130** |
| | Мандатни казни | 148 | 29 | **20** |
| | Покани за порамнување | 92 | 64 | **70** |
| | Прекршочни пријави | 89 | 9 | **10** |
| | Кривични пријави | 0 | 2 | |

| **Програма 3:** ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АХВ | |
|---|---|
| **Потпрограма 1:** ***Зајакнување на човечките ресурси и обезбедување на соодветни услови за работа на вработените во АХВ*** | Остварени резултати во 2018:<br>Реализирани се набавки за оперативни активности на АХВ од кои посебно се издвојуваат:<br>-Набавени вакцини за мали преживари против болеста Бруцелоза<br>-Набавени средства за идентификација на домашни миленици<br>-Лабораториски услуги за ветеринарно јавно здравство<br>-Лабараториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести<br>-Лабараториски услуги за мониторинг на безбедноста на храната на Република Македонија<br>Реализирани се набавки за административно техничко функционирање на АХВ:<br>-Одржување на систем за евиденција на работно време и контрола на пристап за АХВ<br>-Одржување и Калибрација на опрема на официјалните ветеринари и државни инспектори за храна<br>-Годишно превентивно одржување на софтверски апликации за гранична инспекција<br>-Годишно превентивно одржување на софтверски апликации<br>-Сервисно одржување на инсталиран софтвер за сметководствени потреби и јавни набавки на АХВ<br>-Адаптивно одржување на Софтвер за гранична инспекција<br>-Поставена мрежна инфраструктура и соодветна мрежна опрема во ПЕ на АХВ<br>- Набавка и брендирање на рекламен материјал<br>- Дигитални сертификати<br>- Антивирусен софтвер со лиценци<br>- Превод и преведувачки услуги за потребите на АХВ<br>- Картици за следење и контрола на возила преку GPS уреди<br>-Реализирана набавка за Изработка на содржини за електронски билтен, кој ќе биде поставен на веб страната на |

| | |
|---|---|
| | невладино здружение, кое во тековната 2018 година, ќе објави најмалку 10 билтени за поврзаноста на здравјето, храната и исхраната, со цел подигање на свесноста на целокупната популација<br>-Реализирано истражување: Дали потрошувачите во Република Македонија го читаат означувањето (декларација, етикета)<br>- Реализирана набавка за клипинг услуги медиумско следење на настани и теми од интерес на АХВ<br>-Реализирана набавка за Организирање на состаноци за Националниот совет за безбедност на храна и храна за животни- обезбедување на сала со систем за комуникација/микрофони и кетеринг услуги<br>-Реализирана набавка за Изработка на публикации, печатење на научни трудови, изработени во рамките на активностите на Националниот совет за безбедност на храна и храна за животни<br>Реализирани набавки за инфраструтурано одржување:<br>-Моторни бензини и дизел гориво (Еуросупер БС-95) и (Еуродизел БС-Д-EV)<br>- Масло за горење (екстра лесно 1 ЕЛ-1),<br>- Мебел – канцелариски столици<br>- Интернет услуги<br>-Лабораториски услуги за посебна програма за контрола и превентива на одделни физички, хемиски и биолошки опасност на определени видови и категории храна<br>-Набавка на средства за подобра подготвеност ефикасност во случај на појава на особено опасни заразни болести<br>-Организација на специјализирани обуки за пренесување на стекнато знаење за вработените во Агенција за храна и ветеринарство и сместување на странски делегации (експерти предавачи и високи претставници на меѓународни организации)<br>-Сервисирање и набавка на ПП апарати<br>-Сервис и одржување на возила<br>-Одржување на хигиена<br>-Тековно одржување на објекти<br>-Физичко обезбедување на објект-реализирано<br>-Поправка и одржување на ИТ опрема (HW) вон гарантен рок<br>-Осигурување на лица и возила<br>-Технички преглед на моторни возила за потребите на АХВ |

<table>
<tr><td></td><td>-Изработка на нова web страна, нејзино ажурирање и одржување<br>-Печатење на материјали и обрасци-реализирано<br>-Адаптивно одржување на ИСАХВ<br>-Изнајмување опрема и набавка, брендирање на промотивно-рекламен и едукативен материјал за настани за обележување на светскиот ден за борба против беснило и светскиот ден за безбедност на храна и набавка и брендирање на материјали за работен состанок на меѓународна работна група за болест на чвореста кожа<br>-Набавка на уред за снимање на податоци од серверска инфраструктура на магнетни ленти<br>-Лабараториски услуги за здравствена заштита на животните од заразни болести (преговарање)<br>-Поддршка за национално истражување во исхраната во сообразност на методологијата ЕУ мени, шеста поддршка (Истражување кај деца, бр. на договор OC/EFSA/DATA/2016/02CT2) склучен со ЕФСА<br>-Набавка на тонери<br>-Набавка на средства за хигиена за потребите на АХВ<br>-Набавка на канцелариски матеијали за потребите на АХВ</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 2:<br>Извршена едукација и стручна надградба на вработените во АХВ</td><td>Остварени резултати во 2018:<br>1. BTSF<br>Во рамките на програмата “Better Training for Safer Food”на DG SANTE за 2018 година, Агенцијата за храна и ветеринарство имаше покана и учествуваше со свои претставници на следните обуки:
<table>
<tr><th></th><th>Име на обуката</th><th>Реализирани сесии</th></tr>
<tr><td>1</td><td>Подготовка и справување со алиментарни заболувања</td><td>2</td></tr>
<tr><td>2</td><td>Систем за аудит и Внатрешен аудит</td><td>1</td></tr>
<tr><td>3</td><td>Планирање итни мерки и контрола на болести кај животни</td><td>1</td></tr>
<tr><td>4</td><td>Контрола на контаминенти во храна и добиточна храна</td><td>5</td></tr>
<tr><td>5</td><td>Првенција и контрола на антимикробна резистентност (AMP)</td><td>2</td></tr>
<tr><td>6</td><td>Контрола на движење кај кучиња и</td><td>4</td></tr>
</table></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | мачки | | |
| 7 | Општи техники за испитување и контрола на храната кои помагаат за откривање на измама во областа на храната, е-трговија | 2 | 3 |
| 8 | Хигиена на храна и флексибилност | 3 | 3 |
| 9 | Хигиена на храна на ниво на примарно производство | 4 | 7 |
| 10 | HACCP принципи и техники на вршење аудит | 1 | 1 |
| 11 | Надзор и справување со АСЧ | 2 | 6 |
| 12 | Контрола и мониторинг на зоонози | 2 | 3 |
| 13 | ЕУ принципи на општо означување на храната и здравствени тврдења | 3 | 3 |
| 14 | Исхрана на животни | 3 | 4 |
| 15 | Контрола на материјали кои доаѓаат во контакт со храната | 2 | 2 |
| 16 | TRACES | 2 | 4 |
| 17 | Планирање на органско производство | 3 | 4 |
| 18 | Надзор и управуавње со епидемија (Земјоделство и хортикултура, шумарство и животна средина) | 3 | 3 |
| 19 | Материјали за пакување од дрво | 1 | 1 |
| 20 | Истражување на здравје на растенија | 3 | 4 |
| 21 | Благосостојба кај животните при одгледување, колење и транспорт | 2 | 3 |

***Од вкупно предвидени 51 обуки, реализирани се 51 обуки со присуство на 80 лица.***

<u>2.TAIEX</u>

Во текот на 2018 година АХВ беше корисник на TAIEX помош при што беа реализирани следните TAIEX настани:

| ред. бр. | Назив | Вид | реализирана 2017 |
|---|---|---|---|
| *1* | Систем за идентификација | Експертска мисија | 22 – 24 јануари 2018 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | и регистрација на еквиди | | |
| 2 | Биосигурносни мерки применливи на живинарски фарми | работилница | 12 – 14 февруари 20 |
| 3 | 18Систем за идентификација и регистрација на свињи | работилница | 19 – 20 февруари 2018 |
| 4 | Регистрација и одобрување на операторите со храна за животни | Работилница | 26 – 27 февруари 2018 |
| 5 | Храна за посебни групи – нов концепт | Експертска мисија | 26 – 28 февруари 2018 |
| 6 | Имплементација на TRACES при контрола на увоз | Работилница | 17 – 20 април 2018 |
| 7 | Официјални контроли при производство и трговија со храна за животни | Работилница | 12 – 13 април |
| 8 | Благосостојба на животни за време на транспорт | Експертска мисија | 7 – 11 мај 2018 |
| 9 | Координација на лаборатории | Експертска мисија | 28 – 31 мај 2018 |

**3.EFSA обуки**

| Месец | Година | Тема |
|---|---|---|
| февруари | 2018 | Собрание за истражување за проценк |
| февруари | 2018 | Состанок на Советодавен Форум на Е |
| февруари | 2018 | Состанок на мрежа на Фокални точки |
| април | 2018 | Состанок на мрежа на Фокални точки |

| | | |
|---|---|---|
| мај | 2018 | Научна мрежа на ЕФСА за здравствена зашт животни |
| јуни | 2018 | Состанок на Советодавен Форум на ЕФСА |
| јуни | 2018 | Научна мрежа на ЕФСА за благосостојба на жи |
| септември | 2018 | Состанок на мрежа на Фокални точки на ЕФС |
| септември | 2018 | Состанок на Советодавен Форум на ЕФСА |
| октомври | 2018 | Состанок на мрежа на Фокални точки на ЕФС |
| октомври | 2018 | Состанок на научна мрежа за монитори пестициди |
| октомври | 2018 | Состанок на научна мрежа за собирање подат ветеринарно медицински препарати |
| ноември | 2018 | Состанок на Советодавен Форум на ЕФСА |
| ноември | 2018 | Состанок на научна мрежа за доставување по за антимикробна резистентност |
| ноември | 2018 | Состанок на научната мрежа за собирање по за зоонози |
| ноември | 2018 | Состанок на научна мрежа за монитори податоци за зоонози |

**4.Дисеминација на знаење**

Согласно законските обврски за континуирана едукација пропишани во Законот за ветеринарно здравство и Законот за безбедност на храната, но и обврските кои произлегуваат од учеството на програмата “Подобра обука за побезбедна храна” под покровителство Европската комисија, 2018 година Агенцијата за храна и ветеринарство воспостави систем и алатка за интерна дисеминација на знаењата со цел зајакнување на капацитетите на централно и на ниво а инспекциските служби, како и унапредување на системите за здравствена заштита на животните и безбедност на храната..таа насока, Агенцијата за храна и ветеринарство во 2018 година спроведе две интерни обуки за пренесување на знаењето, и тоа:

- **Обука од областа на здравствената заштита на животните**, со посебен акцент на: справување со болести, биосигурносни и превентивни мерки за авијарна инфлуенца и болест на чвореста кожа; контрола при комерцијално и некомерцијално движење на домашни миленици (кучиња и мачки); правна рамка, епидемиологија, биосигурносни мерки, рано откривање и надзор на африканска свинска чума.

| | |
|---|---|
| | На оваа обука земаа учество вкупно 75 вработени од Агенцијата за храна и ветеринарство вработени на централно ниво и инспекциската служба за здравствена заштита на животните. и искуствата стекнати за време на меѓународни обуки.<br>- **Обука од областа на безбедност на храната** со посебен осврт на теми со кои се уредуваат хигиената на храна при примарно производство, проценката на ризик, хигиената на храна и флексибилност како и информациите поврзани со храна.<br>**5.Генерички обуки**<br>Од 5 генерички обуки планирани по Годишниот план за обуки од МИОА за секој административен службеник се реализирани само 5,60 % од предвидените обуки. |
| Потпрограма 3:<br>***Воспоставен Информациски систем на АХВ –ИСАХВ*** | **Остварени резултати во 2018:**<br>-Изработени се предлози за техничка спецификација (TCP) за модул на попис на копитари,<br>-Изработени се предлози за техничка спецификација (TCP) за модул за беснило и домашни миленици,<br>*овие активности се пријавени и во Програма 2: Ветеринарна здравственаа заштита во Потпрограма 4: Висок степен здравствена заштита и благосостојба на животните заради интегритет на преглед на активноста.<br>Дополна на модулот за регистрација на оператори со храна со регистрација на оператори со храна од неживотинско потекло и примарни производители(мед, млеко, месо и др.) е во развој<br>Модул за земање и евидентирање на мостри по сите Програми за мониторинг |
| Потпрограма 4:<br>***Одржување на Системот за квалитет и подготовка за ресертификација (ISO 9001 )*** **Акредитација на инспекциски служби според барањето на ISO 17020** | **Остварени резултати во 2018:**<br>Извршена е подготовка на документација за состанокот за преиспитување на врвното раководство (извештаи, евиденции, предлози до врвно раководство, анализи во рамките на СМК);<br>Одржан е состанок за преиспитување на врвното раководство и изготвен е Извештај за преиспитување на врвното раководство со дефинирани предлози и корективни мерки;<br>Спроведена е ресертификациска проверка на СМК согласно барањата на стандардот ISO 9001:2015 од страна на надворешно сертификациско тело, по што е даден позитивен извештај, односно продолжување на сертификатот за управување со квалитет - Quality Austria и IQ Net;<br>Изготвен е Акциски план за реализација на препораките од |

| | |
|---|---|
| | ресертификациска проверка на СМК врз основа на Извештајот доставен од страна на надворешно сертификациско тело и истите се доставени до врвното раководство и носителите на процеси;<br>Дефинирани се Цели за квалитет со мерливи индикатори за 2018 година од страна на сектори/одделенија во АХВ;<br>Воспоставен е Регистерот за ризици и евалуација на ризиците во рамките на СМК од страна на Координаторот за ризици во АХВ;<br>Постапено е по 47 корективни мерки од интерната проверка од 2017 година и ажурирана е Евиденцијата на корективни мерки за 2017 година кои беа дефинирани да се спроведат за отстранување на неусогласености (во текот на 2018 год. согласно дефинираните временски рокови).<br>Изготвен е План и Програма за спроведување на интерни проверки во АХВ за 2018 година;<br>Спроведени се интерни проверки од страна на интерни проверувачи во АХВ и изготвен е Извештај од интерни проверки во АХВ за 2018 година;<br>Дефинирани се неусогласености и изготвена е Евиденција на корективни мерки за 2018 година за неусогласеностите со дефинирани временски рокови за постапување и одговорни лица (вкупно 30 мерки);<br>Одржан е состанок на врвното раководство за преиспитување на контекстот на организацијата што претставува барање на стандардот ISO 9001:2015 со изготвување на SWOT/PEST/PESTEL анализа , интерни, екстерни фактори и ризици. Изготвен е Извештај за преиспитување на контекстот на организацијата;<br>Извршена е евалуација на пополнетите анкетни листови (39) и изготвена е Анализа за мерење на задоволството на корисниците на услуги во АХВ;<br>Во текот на 2018 година одделението има дадено професионална и техничка поддршка при изготвување на процедури, упатства, обрасци, како и на документи од типот планови и прирачници во секторите на ниво на АХВ кои се составен дел на СМК.<br>Континуирано во текот на целата година е извршено ажурирање на серверот на АХВ со последните верзии од изготвената и одобрена документација на СМК;<br>Континуирано во текот на целата година е ажурирана и |

| | |
|---|---|
| | дополнувана Мастер листата на документи во рамките на СМК со сите последни верзии од документацијата;<br>Во поглед на унапредување на системите на управување со квалитет на ниво на Агенцијата во 2018 година изготвена е Информација за потребата од воведување на други стандарди релевантни за карактеристиките на надлежностите на Агенцијата за храна и ветеринарство<br>***Акредитација на инспекциски служби според барањето на ISO 17020***<br>-Подготвена и верификувана документација за работа на инспекциските одделенија ПЕ Скопје и ГП Богородица согласно барањата на стандардот за инспекциски тела ***ISO 17020***.<br>-Изработено и верификувано Упатство за мострирање на видови храна согласно барањата на стандардот за акредитација на инспекциски тела ИСО 17020 |
| Потпрограма 5:<br>***Координација и контрола на лаборатории*** | **Остварени резултати во 2018:**<br>Во почеток на 2018 година во листата на акредитирани лаборатории за испитување на храна, храна за животни и болести на животни беа регистрирани 25 лаборатории. Во 2018 година се акредитираа уште 3 нови приватни лаборатории за испитување на храна со 35 акредитирани микробиолошки методи, така што вкупниот број е 27 акредитирани лаборатории за испитување во областа на безбедност на храна и една лабораторија испитување на болести на животни. Обемот на акредитација на сите лаборатории се изложени во веб страната на Институтот за акредитација на РМ и во интерната exel табела на ОККЛ, достапна за вработените во серверот на АХВ. Фондот на акредитирани методи по листата на акредитирани методи е: Микробиологија 253 методи; Хемија – 510 методи; Болести на животни – 15 акредитирани методи, со нагласок дека некои параметри се повторуваат но се испитуваат со различити методи.<br>Во 2018 година од страна на АХВ спроведени се контролни аудити на официјалните лаборатории со кои АХВ има договор. Објавен е Правилник за условите кои треба да ги исполни националната референтна лабораторија Службен весник на РМ, бр. 185 од 4.10.2018 година. Согласно овој правилник ќе се назначат Националните Референтни лаборатории во Република Македонија. |
| Потпрограма 6: | **Остварени резултати во 2018:** |

| | |
|---|---|
| *Воспоставување на униформност и квалитет во работењето на инспекциските служби* | -Донесен е Правилник за начинот и постапката за спроведување на внатрешна контрола во Агенцијата за храна и ветеринарство.<br>-Донесен е Правилник за начинот и постапката на спроведување на внатрешна ревизија на официјални контроли.<br>-Реализирана е ревизија на официјални контроли (внатрешен аудит) по Годишна Програма и План за 2018 година во одобрени објекти за извоз – оператори со храна (кланици) од РМ во ЕУ и трети земји . Аудитот на официјални контроли се спроведе во ш кланици:<br>-Утврдени се неусогласености и дефинирани се коректривни мер со носителите на процес.<br>-Постапено е по девет (9) Пријави за неправилности во работење<br>-Извршена е внатрешна контрола во Сектор за храна од неживотинско потекло/ Одделението за додатоци за храна, адитиви, храна за посебна нутритивна употреба и збогатена хра |
| Потпрограма 7: *Реализација на активностите утврдени со проектните задачи во кои АХВ е носител на проекти (ИПА програми)* | **Остварени резултати во 2018:**<br>**1. ИПА/ТАИБ Национална програма – 2012**<br>Мониторинг на сите активности, извештаи и експертски мисии за текот на имплементација на проектот;<br>Одобрување на извештаи изготвени од проектот, изработка на извештаи, контролни листи за текот на имплементацијата на проектот и известување за евентуални утврдени недоследности, и тоа за 2018:<br>– Прегледани, одобрени, подготвени контролни листи за 3 квартални извештаи и 4 оперативни придружни писма од твининг проектот ;<br>– Прегледани, одобрени, подготвени контролни листи 4 придружни писма од твининг проектот (МО, СПО)<br>Прегледани сите сертификати за експертски мисии<br>Верификација на трошоци, потврда на фактури за извршените услуги (СПО);<br>Б) Договорот за набавка “Набавка на опрема за официјални контроли за Агенцијата за храна и ветеринарство и опрема за Граничен премин Блаце и Табановце“, EuropeAid/137598/IH/SUP/MK, е потпишан и тоа за 6 различни лота.<br>**2. ИПА/ТАИБ Национална програма – 2015**<br>Агенцијата за храна и ветеринарство, како институција |

| | |
|---|---|
| | корисник, учествува во имплементацијата на следните договори:<br>А. Договор за изградба на објекти на Граничен Премин Блаце за потребите на ветеринарните и фитосанитарните инспекциски служби<br>Б. Рамковен Договор за надзор на градба за објекти на Граничен Премин Блаце за потребите на ветеринарните и фитосанитарните инспекциски служби<br>Објектите на Граничниот Премин Блаце за потребите на ветеринарните и фитосанитарните инспекциски служби се завршени и издаден е прелиминарен сертификат за прифаќање, во месец септември 2018 година.<br>**В. Договор за набавка на вакцини против болеста беснило**<br>Во тек на 2018 година активностите беа во насока на:<br>– Реализирана е пролетна кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило при што се дистрибуирани 500.000 вакцинални мамки на целата територија на РМ;<br>– Реализирана е есенска кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило при што дистрибуирани се 500.000 вакцинални мамки на целата територија на РМ.<br>**3. ИПА 2 (2014-2020)/ IPA 2019/041-263/05.02/MK/ARD**<br>Во однос на Секторскиот акциски документ за земјоделство, вклучително и безбедност на храната, во текот на 2018 година се реализираа одредени програмски активности во насока на подготовка на сет на документи во процесот на програмирање, се со цел инкорпорирање на стратешките цели на АХВ, преку реализација на делот со справување со отпад од животинско потекло, како и понатамошно зајакнување на институционалните капацитети. Со акцискиот документ утврдени се:<br>- Рамковен договор за подготовка на техничка спецификација и подготовка на тендерска документација за објавување на тендер за градба<br>- Договор за градба на кафилерија на територијата на РМ.<br>- Договор за надзор на градба и<br>- Договор за услуги за зајакнување на капацитетите на АХВ. |
| Потпрограма 8:<br>***Понатамошно усвојување на*** | Остварени резултати во 2018:<br>Во однос на транспозицијата на европското законодавство од областа на безбедност на храната и ветеринарните политики |

| | |
|---|---|
| *законодавството од областа на ветеринарното здравство и безбедноста на храната* | во националното законодавство, во текот на 2018 година се изготвија шест предлог закони за изменување и дополнување на постоечките закони (од кои еден е веќе објавен во „Службен весник на Република Македонија“), каде Секторот за ЕУ и меѓународна соработка беше целосно вклучен во подготовка на закони или учествуваше во ревизија и спроведување на постапките на меѓуресорско усогласување и споделување со заинтересирани страни:<br>1.Закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно-медицинските препарати – објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 241/18.<br>Со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно-медицински порепарати се врши понатамошно унапредување на текстот на законот и воспоставување на нови алатки и системи за подобрување на прометот и контролата на ВПМ, интегрирање и обезбедување на компатибилност со одредбите на Закон за безбедност на храна како рамковен закон и се обезбедува директно поврзување, каде е легислативно-техничко возможно, со легислативните и административните механизми на ЕУ;<br>2.Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната - во фаза на усогласување на предлог текстот со Секретаријатот за законодавство. Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна произлегува од потребата за усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Со овој предлог закон се уредува соодветно транспонирање на Регулативата (ЕУ) 2017/625 на Европскиот Парламент и Советот од 15 март 2017 година за официјалните контроли и други официјални дејствија;<br>3.Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните – објавен на ЕНЕР. Со предлог Законот за изменување и дополнување на законот за заштита и благосостојба на животните се врши понатамошно уредување на одредби во однос на контролата на популација на бездомни кучиња.;<br>4.Законот за нус производи од животинско потекло - во фаза на усогласување на предлог текстот со Секретаријатот за законодавство. Со предлог Законот за нус производи од животинско потекло се врши понатамошно транспонирање на EU Acquis во националното законодавство, односно на |

| | |
|---|---|
| | Регулативата (ЕЗ) Бр. 1069/2009 на Европскиот Парламент и Советот од 21 октомври 2009 година за утврдување на здравствени правила за нус - производи од животинско потекло и производите добиени од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето и Регулативата (ЕУ) Бр. 142 / 2011 на Комисијата од 25 февруари 2011 година за спроведување на Регулативата (ЕЗ) Бр. 1069/2009 на Европскиот Парламент и на Советот за утврдување на здравствените правила во однос на нус - производи од животинско потекло и добиените производи од нив кои не се наменети за исхрана на луѓето;<br>5.Закон за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните – доставен до МЗШВ за објавување на ЕНЕР. Со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за идентификација и регистрација на животните се утврдува законската рамка за спроведување на процесот на идентификација и регистрирање на сите животни од видот копитари на територија на државата, регистрација на сите одгледувалишта на животни од видот копитари, со цел водење на евиденција на бројноста и распространетоста на популацијата на овие животни во Р. Македонија и<br>6.Закон за безбедност на храната за исхрана на животните – доставен на ЕНЕР. Со предлог Законот за безбедност на храната за исхрана на животните се врши унапредување на текстот на постоечкиот Закон за безбедност на храната за животни согласно стекнатите искуства и препораки од релевантни експерти во изминатиот период.<br>Во текот на 2018 година подготвени се **27 подзаконски акти**, (2 се национално решение), а во „Службен весник на Република Македонија“ беа објавени вкупно **дваесет и два** подзаконски акт.<br>Од нив, **десет** се донесени врз основа на Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18) а **четири** во финална фаза на донесување, и тоа:<br>1.Правилник за посебните барања за безбедност на додатоците на исхрана („Службен Весник на РМ“ бр. 68/2018 од 17.04.2018;<br>2.Правилник за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за |

| | |
|---|---|
